safejournalists.net

# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2025.

Автори
Милан Спировски
Верче Тодоровска-Костовска



# СОДРЖИНА


За проектот 2
Развој на индикаторите 2
Методолошка белешка 3
Квалитативни индикатори за степенот на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите 4
Индекс на безбедноста на новинарите 5

I Вовед 8

II Слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во Северна Македонија – Индикатори 10

А. Правни гаранции и нивно спроведување 10
А.1 Основни гаранции за слободата на медиумите и новинарите и нивната примена во праксата 10
А.2 Независност и ефикасност на регулаторното тело 11
А.3 Независност и автономија на јавниот медиумски сервис 12
А.4 Финансиска поддршка за квалитетно новинарство и медиумски содржини од јавен интерес 13
А.5 Државно рекламирање во приватниот медиумски сектор 14
А.6 Законските одредби поврзани со клеветата и нивната примена не создаваат застрашувачки ефект врз новинарите и медиумите 16
А.7 Другите закони се спроведуваат објективно и им овозможуваат на новинарите и на другите медиумски актери да работат слободно и безбедно 17
А.8 Доверливоста на изворите на новинарите е загарантирана во законодавството и почитувана од властите 17
А.9 Новинарите се слободни да ја извршуваат својата професија и да основаат, да се здружуваат и да учествуваат во своите здруженија 18
А.10 Право на пристап до официјални документи и информации 19

Б. Положба на новинарите во редакциите 21
Б.1 Работната позиција на новинарите е стабилна и заштитена на работното место 21
Б.2 Уредувачка независност во приватните медиуми 22
Б.3 Уредувачка независност во јавниот медиумски сервис 23
Б.4 Уредувачка независност во непрофитниот медиумски сектор 24
Б.5 Слобода на новинарите во процесот на производство на вести 25
Б.6 Економска положба на новинарките 26

В. Безбедноста на новинарите 28
В.1 Новинарите и медиумските актери имаат пристап до непосредни и ефективни заштитни мерки кога се изложени на закани 28
В.2 Новинарите и другите медиумски актери (чии животи или физички интегритет се во реален и непосреден ризик) имаат пристап до специјални механизми за заштита/безбедност 28
В.3 Новинарките имаат пристап до законски мерки и механизми за поддршка кога се соочуваат со родово засновани закани, малтретирање и насилство 29
В.4 Воспоставена е практика на редовна јавна осуда на заканите и нападите врз новинари и медиуми 30
В.5 Полициските власти се сензитивни на прашањето за заштита на новинарите 31
В.6 Специјализираните истражни единици и/или службеници имаат соодветна експертиза за истражување напади и насилство врз новинари 32
В.7 Истрагите за сериозни физички напади врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат ефикасно (независно, темелно и навремено) 33
В.8 Новинарите и другите медиумски актери се ефикасно заштитени од различни форми на малтретирање преку интернет 33
В.9 Истрагите за сите видови напади и насилство врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат транспарентно 34
В.10 Системите за собирање квалитетни статистички податоци се воспоставени од државните органи за да се спречи неказнивоста 35
В.11 Закани и малтретирање што не се однесуваат на физичката безбедност 35
В.12 Закани против животот и физичката безбедност на новинарите 36
В.13 Вистински напади 37
В.14 Закани и напади врз медиуми и новинарски здруженија 38

III Заклучоци и препораки 39

IV Индекс на безбедноста на новинарите во Северна Македонија – 2025 43

# За проектот

## РАЗВОЈ НА ИНДИКАТОРИТЕ

Новинарските здруженија од земјите од Западен Балкан, поддржани од Европската комисија[1], ја основаа платформата Safejournalists.net за заеднички да го следат законодавството и практиката на медиумите во нивните земји и да се ангажираат во унапредувањето на правната и институционалната средина во која работат новинарите и другите медиумски професионалци. Секоја година, врз основа на внимателно дизајнирана методологија[2], партнерите на Safejournalists.net спроведуваат истражување за застапување, кое им дава на новинарските здруженија веродостојни и релевантни податоци, засновани на докази, за главните проблеми и пречки во имплементацијата на стандардите на ЕУ во областа на слободата и безбедноста на медиумите и новинарите во Западен Балкан. Резултатите од истражувањето им даваат содржина на активностите на партнерите, обезбедувајќи им нови докази и примери, кои ги рафинираат и ги зајакнуваат нивните позиции за застапување.

Првата, квалитативна истражувачка алатка – *Индикатори за нивото на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите*, за првпат беше развиена во 2016 година и постепено се приспособуваше со текот на годините. Таа е составена од три групи индикатори: (А) Правна заштита, (Б) Позиција на новинарите во редакцијата и (В) Безбедност на новинарите.

1 Во декември 2022 година, Европската комисија одобри нов тригодишен проектен циклус за платформата Safejournalists.net, кој е продолжение на претходните две фази: проектот Регионална платформа за застапување за медиумски слободи и безбедност на новинарите на Западен Балкан (јануари 2016 – декември 2018) и Safejournalist.net (февруари 2020 – март 2023). Главната цел на проектот е да ја зајакне улогата на националните новинарски здруженија, членки на Платформата Safejournalists.net, да станат ефективни и одговорни независни актери во застапувањето и креирањето релевантни медиумски политики во нивните земји: Независното здружение на новинарите на Србија, Здружението на новинарите на Босна и Херцеговина, Хрватското новинарско друштво, Здружението на новинарите на Косово, Здружението на новинарите на Македонија и Синдикатот на медиумите на Црна Гора. Проектот се финансира од Програмата на ЕУ за поддршка на граѓанското општество и медиумите во Западен Балкан и Турција за 2021-2023 (IPA III).

2 Истражувањето за застапување го дизајнираа и го координираат Снежана Трпевска и Игор Мицевски, истражувачи на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС од Северна Македонија – www.resis.mk.

Врз основа на оваа алатка за мониторинг, објавени се вкупно седум проценки, последната за 2022 година.

Квантитативната истражувачка алатка – *Индекс на безбедност на новинарите*, беше развиена во 2020 година и тестирана во 2021 година. Дизајнирана е да ги „мери“ промените во околината што имаат директно или индиректно влијание врз тоа колку безбедно се чувствуваат новинарите и другите медиумски актери кога ја практикуваат својата професија. Тој е составен од четири групи индикатори: (1) Правно и организациско опкружување, (2) Превенција, (3) Процес и (4) Фактичка безбедност. Врз основа на оваа алатка, беа спроведени вкупно три истражувачки циклуси: 2020 (пилот-година), 2021 и 2022 година.

Почнувајќи од 2023 година, Safejournalists.net ќе ги комбинира двете (квалитативна и квантитативна) истражувачки алатки во еден единствен истражувачки проект за застапување – *Индикатори за нивото на слобода на медиумите и Индекс за безбедност на новинарите*. Платформата ја следи состојбата во седум земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Северна Македонија, Црна Гора, Косово[3] и Србија.

## МЕТОДОЛОШКА БЕЛЕШКА

Целиот истражувачки процес е поделен во две фази: во првата фаза се собираат податоци за сите квалитативни показатели – и за медиумските слободи и за безбедноста на новинарите, додека во втората фаза, квалитативните показатели за безбедноста на новинарите се конвертираат во квантитативни и се спроведува постапката на бодување и пресметување на Индексот за безбедност на новинарите.

- Беа применети низа различни истражувачки методи за собирање и анализа на податоците поврзани со секој квалитативен индикатор:
- Преглед на студии, анализи, истражувачки извештаи, документи за политики, стратегии и други документи;
- Квалитативна анализа на правни документи;
- Пребарување и анализа на информации објавени на веб-страниците на јавните институции и други организации и тела;
- Пребарување и анализа на соопштенија за медиуми, објави и други информации произведени од професионални организации;
- Секундарни податоци собрани од новинарските здруженија;

3 Ова име е без прејудицирање на статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата и независноста на Косово.

- Длабински интервјуа со експерти, новинари, креатори на политики итн.;
- Фокус групи со новинари, и
- Анкета со новинари (во некои од земјите).

На национално ниво, истражувањето за застапување го спроведуваат национални истражувачи, кои ги собираат податоците и ги изготвуваат наративните извештаи, кои потоа ги прегледуваат локални медиумски и правни експерти и главниот истражувач. Во Република Северна Македонија, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) го номинираше Милан Спировски за национален истражувач.

## КВАЛИТАТИВНИ ИНДИКАТОРИ ЗА СТЕПЕНОТ НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ И БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ

Во следната табела се претставени сите квалитативни показатели за нивото на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите, поделени во три области. Овие квалитативни показатели се претставени во описна или наративна форма. Индикаторите што се користат во концептуалната рамка за Индексот на безбедност на новинарите на табелата се означени со сива боја.

*Преглед на сите квалитативни показатели (показатели за нивото на слобода на медиумите и безбедноста на новинарите)*

| А. Правни гаранции и нивно спроведување | Б. Положба на новинарите во редакциите | В. Безбедност на новинарите |
|---|---|---|
| А.1 Основни гаранции за слободата на медиумите и новинарите и нивната примена во праксата | Б.1 Работната позиција на новинарите е стабилна и заштитена на работното место | В.1 Новинарите и медиумските актери имаат пристап до непосредни и ефективни заштитни мерки кога се изложени на закани |
| А.2 Независност и ефикасност на регулаторното тело | Б.2 Уредувачка независност во приватните медиуми | В.2 Новинарите и другите медиумски актери (чии животи или физички интегритет се во реален и непосреден ризик) имаат пристап до специјални механизми за заштита/безбедност |
| А.3 Независност и автономија на јавниот медиумски сервис | Б.3 Уредувачка независност во јавниот медиумски сервис | В.3 Новинарките имаат пристап до законски мерки и механизми за поддршка кога се соочуваат со родово засновани закани, малтретирање и насилство |
| А.4 Финансиска поддршка за квалитетно новинарство и медиумски содржини од јавен интерес | Б.4 Уредувачка независност во непрофитниот медиумски сектор | В.4 Воспоставена е практика на редовна јавна осуда на заканите и нападите врз новинарите и медиумите |
| А.5 Државно рекламирање во приватниот медиумски сектор | Б.5 Слобода на новинарите во процесот на производство на вести | В.5 Полициските власти се сензитивни на прашањето за заштита на новинарите |
| А.6 Законските одредби поврзани со клеветата и нивната примена не создаваат застрашувачки ефект врз новинарите и медиумите | Б.6 Економска положба на новинарките | В.6 Специјализираните истражни единици и/или службеници имаат соодветна експертиза за истражување напади и насилство врз новинари |

| А. Правни гаранции и нивно спроведување | Б. Положба на новинарите во редакциите | В. Безбедност на новинарите |
|---|---|---|
| А.7 Другите закони се спроведуваат објективно и им овозможуваат на новинарите и на другите медиумски актери да работат слободно и безбедно | | В.7 Истрагите за сериозни физички напади врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат ефикасно (независно, темелно и навремено) |
| А.8 Доверливоста на изворите на новинарите е загарантирана во законодавството и почитувана од властите | | В.8 Новинарите и другите медиумски актери се ефикасно заштитени од различни форми на малтретирање преку интернет |
| А.9 Новинарите се слободни да ја извршуваат својата професија и да основаат, да се здружуваат и да учествуваат во своите здруженија | | В.9 Истрагите за сите видови напади и насилство врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат транспарентно |
| А.10 Право на пристап до официјални документи и информации | | В.10 Системите за собирање квалитетни статистички податоци се воспоставени од државните органи за да се спречи неказнивоста |
| | | В.11 Закани и малтретирање што не се однесуваат на физичката безбедност |
| | | В.12 Закани против животот и физичката безбедност на новинарите |
| | | В.13 Вистински напади |
| | | В.14 Закани и напади врз медиумите и новинарските здруженија |

## ИНДЕКС НА БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ

Земајќи ги предвид стандардите и препораките воспоставени од Советот на Европа и од други меѓународни организации, концептот на „безбедност на новинарите“[4] беше операционализиран, имајќи ги предвид следниве четири димензии:

I. **Правно и организациско опкружување** – постоење и имплементација на законски заштитни мерки релевантни за безбедноста на новинарите.

II. **Превенција** – постоење и спроведување низа превентивни мерки, кои имаат директен ефект врз заштитата и безбедноста на новинарите.

III. **Процес** – однесувањето на државните институции и јавните функционери кон новинарите и ефикасноста на казнениот и граѓанскиот правосуден систем во однос на истрагите на закани и акти на насилство врз новинарите.

IV. **Вистинска безбедност** – инциденти и случаи на различни форми на закани и акти на насилство врз новинари и медиуми.

Во табелата подолу се претставени четирите димензии и показателите што го сочинуваат теоретскиот модел

4 Истражувачите на Институтот РЕСИС (www.resis.mk), Снежана Трпевска, Игор Мицевски и Љубинка Поповска-Тошева ја развија концептуалната и методолошката рамка за Индексот и моделот на негово оценување, пондерирање и пресметување.

на концептот „безбедност на новинарите“. Податоците за сите овие показатели беа собрани во првата фаза од истражувањето, а во втората фаза, врз основа на собраните докази од истражувањето, девет членови на Советодавниот панел[5] од секоја земја ја оценија состојбата и доделија бодови за секој од 19-те показатели:

*Преглед на индикатори поврзани со Индексот за безбедност на новинарите*

| I. Правно и организациско опкружување | II. Превенција | III. Процес | IV. Вистинска безбедност |
|---|---|---|---|
| 1.1 Законските одредби поврзани со клеветата и нивната примена не создаваат застрашувачки ефект врз новинарите и медиумите | 2.1 Новинарите и медиумските актери имаат пристап до непосредни и ефективни заштитни мерки кога се изложени на закани | 3.1 Специјализираните истражни единици и/или службеници имаат соодветна експертиза за истражување напади и насилство врз новинари | 4.1 Закани и малтретирање што не се однесуваат на физичката безбедност |
| 1.2 Доверливоста на изворите на новинарите е загарантирана во законодавството и почитувана од властите | 2.2 Новинарите и другите медиумски актери (чии животи или физички интегритет се во реален и непосреден ризик) имаат пристап до специјални механизми за заштита/безбедност | 3.2 Истрагите за сериозни физички напади врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат ефикасно (независно, темелно и навремено) | 4.2 Закани против животот и физичката безбедност на новинарите |
| 1.3 Другите закони се спроведуваат објективно и им овозможуваат на новинарите и на другите медиумски актери да работат слободно и безбедно | 2.3 Новинарките имаат пристап до законски мерки и механизми за поддршка кога се соочуваат со родово засновани закани, малтретирање и насилство | 3.3 Новинарите и другите медиумски актери се ефикасно заштитени од различни форми на малтретирање преку интернет | 4.3 Вистински напади |
| 1.4 Новинарите се слободни да ја извршуваат својата професија и да основаат, да се здружуваат и да учествуваат во своите здруженија | 2.4 Воспоставена е практика на редовна јавна осуда на заканите и нападите врз новинарите и медиумите | 3.4 Истрагите за сите видови напади и насилство врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат транспарентно | 4.4 Закани и напади врз медиуми и новинарски здруженија |
| 1.5 Работната позиција на новинарите е стабилна и заштитена на работното место | 2.5 Полициските власти се сензитивни на прашањето за заштита на новинарите | 3.5 Системите за собирање квалитетни статистички податоци се воспоставени од државните органи за да се спречи неказнивоста | |

Забелешка: Во овој извештај машката јазична форма се користи како родово неутрална и се однесува на поединци од женски, машки или од друг род. Повеќекратни ознаки не се употребуваат заради подобра читливост на извештајот.

5 Членови на Советодавниот панел во Северна Македонија беа: Зоран Ричлиев, Милка Смилевска, Весна Никодиновска, Александра Богдановска, Јовица Пауноски, Александра Денковска, Ера Ѓакова, Стефанија Манева и Кристијан Ландов.

Листа на кратенки:

АВМУ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ДИК – Државна изборна комисија

МРТ – Македонска радио-телевизија

ЕМФА – Европски акт за слобода на медиумите

ЗНМ – Здружение на новинарите на Македонија

ЗГОНК – Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета

ИРЛ – Истражувачка репортерска лабораторија

МИОА – Министерство за информатичко општество и администрација

МДТ – Министерство за дигитална трансформација

МИМ – Македонски институт за медиуми

МИА – Медиумска информативна агенција

РСМ – Република Северна Македонија

ССНМ – Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

СЕММ – Совет за етика во медиумите на Македонија

# I Вовед

**Основни информации за земјата:** Република Северна Македонија е парламентарна демократија во која, по секои избори, власта се формира преку политичка симбиоза меѓу најуспешните партии од македонскиот и албанскиот блок. Мултиетничкиот состав на државата додава слоевитост на општествено-политичкиот пејзаж, што се рефлектира и врз медиумската сфера. Според пописот[6] на населението и домаќинствата од 2021 година, земјата брои 1.836.713 жители. Етничката мапа открива дека 58,44% се Македонци, 24,30% Албанци, 3,86% Турци, 2,53% Роми, 0,47% Власи, 1,30% Срби, 0,87% Бошњаци, а останатиот дел припаѓа на помали заедници. Верската разноликост, пак, се одразува во фактот што 46,14% се православни, 32,17% муслимани, 0,37% католици, а мал процент се изјасниле како агностици или припадници на други верски групи и заедници.

Политички контекст: Во 2024 година парламентарните избори доведоа до разни внатрешни преструктурирања на политичките партии. Во земјава, после овие избори власта ја презема опозициската ВМРО ДПМНЕ во коалиција со албанската политичката коалиција ВЛЕН. Политичката сцена беше нестабилна поради зголемената поделба меѓу власта и опозицијата, полна со предизвици за политичките партии во Северна Македонија, а важни прашања како европската интеграција и односите со соседите ја засилија таа нестабилност. Овие тензии оставија трага и врз медиумскиот пејзаж, каде што зачестија обвинувањата за политички притисоци врз уредувачките политики и селективно известување. Како земја-кандидат за членство во Европската Унија, С. Македонија останува под лупата на мониторингот за владеењето на правото, слободата на медиумите и почитувањето на човековите права.

6 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија, Попис на населението во 2021 година,

**Економска состојба:** Економската слика во 2025 година беше испреплетена со глобални предизвици и домашни економски турбуленции. Инфлацијата и енергетската криза силно ја разнишаа општата економска стабилност, а последица се почувствува и во медиумскиот сектор. Многу медиуми се соочија со финансиски предизвици, што резултираше со дополнителен пад на социо-економскиот статус на новинарите и кратење на буџетите за истражувачко новинарство и квалитетно известување. Рекламниот пазар остана тесен, а значителен дел од огласувачките средства се пренасочија кон дигиталните платформи, дополнително намалувајќи ги приходите на традиционалните медиуми. Оваа економска нестабилност отвори простор за зголемена зависност на медиумите од политички и корпоративни интереси, ставајќи ја на тест нивната уредувачка независност.

**Регулаторно опкружување:** Во 2025 година, медиумскиот сектор во С. Македонија остана под силен економски и институционален притисок, со потенцијално зголемена зависност од политички субвенции, што и понатаму ја загрозува уредничката независност. Регулаторната рамка, предводена од АВМУ, продолжи да се соочува со недостаток на функционална независност, додека и АВМУ и јавниот сервис МРТВ добија ново раководство по долг период во кој мандатите на членовите на нивните управни тела беа истечени. Со тоа, по повеќегодишна институционална блокада, беа направени кадровски промени во две клучни институции во медиумскиот сектор. И покрај направените извесни законодавни интервенции, во делот на укинување на мораториумот за државно рекламирање за враќање на праксата за државни кампањи во приватните медиуми, и техничкото ажурирање на Законот за медиуми во делот на глобите, сепак суштинските реформи на медиумските закони изостана. Европската комисија во својот извештај[7] повторно предупреди на бавниот напредок во медиумскиот плурализам, нагласувајќи ја потребата од итни реформи за да се обезбеди слободна и независна медиумска сцена. Во извештајот Европската комисија наведува дека Северна Македонија постигнала помеѓу одредено ниво на подготвеност и умерено ниво на подготвеност за слободата на изразување и постигна ограничен напредок во оваа област. Правната рамка што ги регулира медиумите сè уште не е целосно усогласена со правото на ЕУ, особено со Европскиот закон за слобода на медиумите (EMFA)[8], иако е постигнат одреден напредок во Законот за медиуми.

---

7 Европска комисија, Работен документ на службите на Комисијата: Извештај за Северна Македонија за 2025 година, ноември 2025 година.
8 Европски акт за слобода на медиумите – EMFA.

# II Слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во Северна Македонија – Индикатори

## А. ПРАВНИ ГАРАНЦИИ И НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ

### — А.1 ОСНОВНИ ГАРАНЦИИ ЗА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ И НОВИНАРИТЕ И НИВНАТА ПРИМЕНА ВО ПРАКСАТА

Основните гаранции за слободата на изразување и независноста на медиумите, покрај Уставот на С. Македонија, се вградени во медиумските и во неколку други закони[9]. Сите овие закони го опфаќаат и правото на пристап до интернет, односно не постои посебна регулатива со која се регулира само интернетот.

Правото на слобода на изразување, вклучително и во интернет-просторот, слободно се користи од страна на граѓаните, новинарите, медиумските и другите организации. Во 2025 година немаше ниту еден регистриран или документиран случај во кој владата или друг државен орган да се обиде да блокира или филтрира интернет содржина. Во најновиот извештај на Репортери без граници (RSF)[10], споредено со 2024 година, С. Македонија бележи пад од шест позиции на Светскиот индекс за слобода на медиумите за 2025 година и се рангира на 42 место. Во правниот дел, извештајот нотира дека националното законодавство сè уште не е усогласено со европските стандарди, а злоупотребата на стратешките тужби против јавно учество (SLAPP тужби) претставува средство за притисок врз критичките медиуми и новинари. Во делот за безбедност, извештајот бележи случаи на заплашување, притисоци и напади врз новинарите, особено врз оние што известуваат за злоупотреба на моќ и корупција. Извештајот укажува и на тоа дека носители на јавни функции покажуваат негативни и понижувачки ставови кон новинарите.

9 Овие гаранции се вградени во Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и во други закони.
10 Годишен индекс на Репортери без граници – Република Северна Македонија 2025 година.

Реформите во медиумскиот сектор, иако одамна препознаени како потреба, беа иницирани во 2023 година. Проектот *„Усогласување на националното медиумско законодавство со правото на ЕУ и медиумските стандарди“* поддржан од ЕУ, во првата фаза беше фокусиран на хармонизација со Директивата за аудиовизуелни услуги од 2018 година, а во втората фаза на сеопфатна реформа на медиумските закони. Беа изготвени повеќе анализи и предлози, но процесот беше прекинат поради притисокот на најголемите приватни телевизии и одлуката на тогашната власт да даде приоритет на враќањето на „државното“ (или владино) рекламирање во радиодифузните медиуми. Во април 2025 година, Собранието усвои измени на Законот за медиуми, со кои издавачите на онлајн медиуми – интернет публикации се препознаени како правни субјекти во медиумската сфера.[11]

За основање печатен или онлајн-медиум во земјава не постојат лиценци или други строги барања. Печатените и онлајн медиумите се предмет на минимална регулација со одредбите на Законот за медиуми, во поглед на основните обврски за јавност во работењето, заштитата на изворите на информации, заштитата на правата на малолетната публика, забраната за говор на омраза и повикување на насилство и неколку други обврски.

## — А.2 НЕЗАВИСНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА РЕГУЛАТОРНОТО ТЕЛО

Мандатот на членовите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) истече уште во 2018 година, по што беа објавени два неуспешни јавни конкурси за избор на нови членови. Третиот конкурс, распишан во 2024 година[12], се одвиваше со ограничена транспарентност и без учество на граѓанскиот сектор, а новиот состав на Советот на АВМУ беше изгласан од страна на Собранието на РСМ во јуни 2025 година.[13]

Во 2025 година, не беа забележани случаи на политички пристрасно, нефер или дискриминаторно постапување на АВМУ кон медиумите врз кои врши надзор, иако имаше поплаки од политичката партија ЛЕВИЦА дека била дискриминирана за време на политичката кампања за локалните избори во 2025 година[14]. Според информациите достапни на официјалната веб-страница на АВМУ, во 2025 година, врз основа на спроведениот мониторинг, АВМУ изрекла повеќе јавни опомени на радиодифузери за различни прекршувања на законските обврски. При доделувањето дозволи и примената на релевантните подзаконски прописи во аудиовизуелната област, регулаторот постапувал на фер и неутрален начин. Сепак, со измените на членот 79 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, усвоени во

11 Закон за медиуми, пречистен текст, Министерство за дигитална трансформација.
12 „Сложна партиска игра за новиот состав на Агенцијата за медиуми“ ПРИЗМА, 30.01.2025 година.
13 Слободен печат „На собраниска комисија претставени новите кандидати за членови на Советот на АВМУ“, ноември 2025 година.
14 Нема државно платени реклами за партија со шестмина пратеници, а има за оние без ниту еден, 360 степени, 25.09.2025 година.

февруари 2024 година,[15] се поткопува независноста на регулаторното тело, бидејќи му се одзема надлежноста да одлучува за обновувањето на дозволите врз основа на придонесот на радиодифузерот кон разновидноста на програмата и медиумскиот плурализам во целина.[16]

## — А.3 НЕЗАВИСНОСТ И АВТОНОМИЈА НА ЈАВНИОТ МЕДИУМСКИ СЕРВИС

Автономијата и независноста на јавниот медиумски сервис, Македонската радиотелевизија (МРТ), се делумно гарантирани со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ). Законот содржи општа одредба која ја гарантира независноста на МРТ од државата и други правни лица и органи, но оваа гаранција е недоволна. Нема експлицитна одредба за тоа дека информативните редакции на МРТ се независни и автономни при создавањето на програмата, иако членот 61 го гарантира правото на уредниците и новинарите на независност. Во член 104 од ЗААМУ се утврдува дека новинарите, уредниците и другите лица кои учествуваат во програмската продукција не се сметаат за административни/јавни службеници, туку имаат посебен статус и нивниот работен однос се уредува со посебни правила, а не како за вработените во јавниот сектор. Сепак, раководството на МРТ бара одобрение од три министерства за овие прашања, што создава притисок врз работата на новинарите и уредниците и ја доведува во прашање нивната уредувачка независност. За да се постигне целосна институционална автономија на МРТ, потребни се дополнителни измени[17] и во други закони.[18]

Клучно за автономијата на јавниот сервис е неговото стабилно и независно финансирање. Со измените на членот 105 од ЗААМУ, усвоени во јули 2023 година, средствата за работењето и развојот на МРТ се обезбедуваат од Буџетот, во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната завршна сметка на Буџетот[19]. Овие средства не се наменети само за МРТ, дел одат за ЈП Македонска радиодифузија и за АВМУ. Иако овие законски измени предвидуваат постабилно финансирање, во минатите две години се појавија недостатоци во моделот. Во 2025 година, средствата наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од

15 Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Службен весник на РСМ бр.55/2024).

16 Не само што е избришан овој критериум од членот 79, туку е внесена апсурдна одредба, со која се имплицира дека радиодифузерите смеат да емитуваат говор на омраза, да повикуваат на уривање на уставниот поредок, да ја загрозуваат националната безбедност, да емитуваат содржини штетни за развојот на малолетниците и други штетни содржини. Имено, според новиот член 79, регулаторот не може да одбие да ја продолжи дозволата, освен ако радиодифузерот сторил вакви сериозни прекршувања, и тоа најмалку трипати во текот на времетраењето на дозволата.

17 ЗНМ Соопштение, ЗНМ со конкретни предлози за јавниот сервис на првата јавна седница на Програмскиот совет на МРТ, 12.09.2025 година.

18 Сите овие прашања се детално разработени во анализата со наслов „Преглед на законската рамка на јавниот радиодифузен сервис МРТ во однос на улогата, надлежноста, независноста и финансирањето, од аспект на правото на ЕУ и европските медиумски стандарди и практика“. Оваа анализа беше доставена до надлежното Министерство за информатичко општество и администрација кон крајот на 2023 година, од експертскиот тим ангажиран на проектот „ЕУ за слободата на изразување: усогласување на националното законодавство за медиуми со правото на ЕУ и европските медиумски стандарди“.

19 Средствата се распоредуваат на следниов начин: 80 проценти за МРТ за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој, 15 проценти за ЈП „Македонска радиодифузија“ за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и 5 проценти за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Буџетот на РСМ беа планирани во износ од 1.261.864.000 денари. Меѓутоа со ребалансот на Буџетот на РСМ за 2025 година беа намалени за 80.000.000 денари и сега се планираат во износ од 1.181.864.000 денари. МРТ нема повеќегодишна финансиска проекција во својот стратешки план[20], што значи дека капиталните инвестиции не се планираат за повеќе од една година. Дополнителните средства за технолошки развој можат, но не мора да бидат издвоени од Буџетот, што остава простор за арбитрарно влијание од страна на Владата. Постои ризик новата рамка да не се применува доследно, што веќе се покажа во 2023 година, кога Владата не ја примени целосно новата усвоена формула. Во 2023 година, наместо законски планираните 18,5 милиони евра, биле префрлени само 10,9 милиони евра, што резултирало со долг од над 2 милиони евра за МРТ.

Македонската радиотелевизија шест години функционираше со ист состав на Програмскиот совет, иако на неговите членови веќе им беше истечен мандатот. Мандатот им беше истечен и на другите тела: Надзорниот одбор и Генералниот директор на МРТ. Во мај 2025 година, Собраниската Комисија за избори и именување ја донесе предлог – одлуката за именување нови членови на Програмскиот совет на Македонската радиотелевизија. Во периодот пред изборот, Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), заедно со други релевантни домашни и меѓународни организации, јавно укажа на ризиците од партизација и недоволна транспарентност во постапката, нагласувајќи дека изборот треба да се заснова на јасни професионални критериуми и интегритет на кандидатите[21]. По изборот, дел од овие загрижености продолжија да се појавуваат во јавноста, вклучително и преку изразени сомнежи за можни политички влијанија врз работата на Советот, како и преку одредени забелешки за институционално одложување во клучните процеси. Во првите шест месеци од мандатот, Програмскиот совет се соочи со сериозни предизвици во своето функционирање, вклучително и доцнењето при изборот на Надзорниот одбор и Генералниот директор на МРТ, што дополнително ја продлабочи институционалната неизвесност и ја отвори дебатата за ефикасноста, независноста и отчетноста на јавниот сервис.

## — А.4 ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА КВАЛИТЕТНО НОВИНАРСТВО И МЕДИУМСКИ СОДРЖИНИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Во март 2024 година финансиската поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми се уреди со измени на Законот за медиуми. Во 2025 година, Владата објави јавен повик[22] за поддршка на печатењето и дистрибуцијата на печатените медиуми од општ и информативен

20 Македонска радио-телевизија, „Петгодишна стратегија за развој на МРТВ“, Скопје, 2021.
21 ЗНМ Соопштение, „ЗНМ со конкретни предлози за јавниот сервис на првата јавна седница на Програмскиот совет на МРТ“, 12.09.2025
22 Јавен повик за поддршка за печатење и дистрибуција на печатените медиуми за 2025 година.

карактер. Средствата за оваа поддршка изнесуваа 10 милиони денари, што е приближно исто со износите од претходните години. Комисијата за распределба на средствата беше составена од претставници на релевантни институции, како и по еден претставник од Асоцијацијата за заштита на националните печатени медиуми и Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ). Од вкупната сума, 2 милиони денари беа наменети за печатени медиуми на локално ниво, додека 8 милиони денари за печатени медиуми на национално ниво. ЗНМ оцени дека процесот на распределба на средствата беше правичен, транспарентен и недискриминаторен.

Во земјата сè уште не е воспоставен Фонд за плурализам за поддршка на продукцијата на медиумски содржини од јавен интерес, иако има иницијативи за негово воспоставување. Во рамките на проектот за медиумски реформи, поддржан од Европската унија во 2023 година, беше изготвен нацрт за нов Закон за медиуми, кој вклучува одредби за создавање на таков фонд. Покрај овој предлог-закон, ЗНМ има објавено извештај[23] со посебен фокус на фондот за плурализам на медиумски содржини. Дополнително, во Извештајот[24] од Мисијата за проценка на состојбата со слободата на медиумите се нудат конкретни решенија применливи во националниот контекст, особено затоа што е ова обврска на државата според Препораката CM/Rec(2018)1 за медиумски плурализам и транспарентност на сопственоста на медиумите од 2018 година од Комитетот на министри на Советот на Европа[25]. Препораката го проширува барањето за медиумски плурализам и во дигиталната ера и експлицитно ги повикува земјите-членки да воспостават одржливи и транспарентни механизми за јавно финансирање, независни шеми за поддршка и мерки за заштита на локалните и малцинските медиуми.

Покрај радио и телевизиските програми на јазиците на етничките заедници во рамките на јавниот радиодифузен сервис, не постојат други механизми за финансирање на медиумите на јазиците на различните етнички заедници. Овие медиуми не се атрактивни за огласувачите и со години се соочуваат со финансиски тешкотии. Недостигот на соодветна медиумска политика за решавање на овој проблем се одразува негативно врз вкупната плуралистичка слика на медиумскиот сектор во земјава.

## — А.5 ДРЖАВНО РЕКЛАМИРАЊЕ ВО ПРИВАТНИОТ МЕДИУМСКИ СЕКТОР

Во 2025 година стапија во сила измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од февруари 2024, со кои се укина забраната за државно рекламирање

---

23 Здружение на новинарите на Македонија, „Правата на новинарите, слободата на изразување и независноста на медиумите во Северна Македонија - Метадата извештај за 2023 година“, Скопје, 2025.

24 Здружение на новинарите на Македонија, „Слободата на медиумите во Северна Македонија: Напредок на стаклени нозе“, Извештај од Мисијата за проценка на состојбата со слободата на медиумите, Скопје 2025.

25 Recommendation CM/Rec(2018)1[1] of the Committee of Ministers to member States on media pluralism and transparency of media ownership (Adopted by the Committee of Ministers on 7 March 2018 at the 1309th meeting of the Ministers' Deputies).

во аудиовизуелниот медиумски сектор. Според новите законски одредби, Владата е обврзана во текот на една календарска година да спроведе најмалку една кампања на државно ниво, односно да издвои најмалку 0,1 отсто од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РСМ. Од овие средства најмногу 7% се за избор на продукциски куќи за изработка и продукција на идејни решенија и финални реализации на државни кампањи и најмалку 93% се за медиумите кои ќе ги реализираат (објавуваат) државните кампањи. Средствата за реализација на државните кампањи се распределуваат на следните медиуми: 40% за телевизиите на државно ниво кои емитуваат преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс, 40% за телевизиите на државно ниво кои емитуваат преку кабелски оператор или преку сателит, 15% за телевизиите на регионално и локално ниво кои емитуваат преку терестријален мултиплекс или кабел, како и за радија на локално и регионално ниво, и 5% за радијата на државно ниво.[26] [27]

Општините пак, можат да финансираат до четири кампањи годишно, за што можат да издвојат најмногу до 0,5% од општинскиот буџет, односно од сопствените реализирани даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка. Распределбата на средствата се врши на следниов начин: најмногу 10% се за избор на продукциски куќи за изработка и продукција на идејни решенија и финални реализации на државни кампањи на локално ниво, а најмалку 90% се за реализација на кампањите на локално ниво.

Новинарските здруженија (ЗНМ и ССНМ), експертите и неколку релевантни институции (Државната комисија за спречување на корупција, Државниот завод за ревизија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги) во континуитет се спротивставуваат на трошењето јавни пари за државно и за политичко рекламирање, нагласувајќи дека ваквите комплексни финансиски механизми ја загрозуваат независноста на медиумите, го нарушуваат медиумскиот пазар и претставуваат извор на корупција и клиентелизам.

Во 2025, примената на централно и на локално ниво беше предмет на мониторинг од ЗНМ. Според анализата на транспарентноста на единиците на локалната самоуправа за трошењето јавни средства во медиумите[28], ниту една општина не спровела постапка за одобрување на кампањите од страна на општинскиот Совет, што е предуслов за транспарентност и отчетност. Голем дел од договорите се склучуваат без јасна методологија или јавна дебата. Дел од општините склучуваат договори со маркетинг агенции или физички лица, а не директно со

26 Државно финансирање во Северна Македонија: ПОПРАВЕДЕН, ПОСИЛЕН И ПОТРАНСПАРЕНТЕН СИСТЕМ, февруари, 2025 година. Фондација Метаморфозис, 2025 година.
27 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Редакциски пречистен текст, Министерство за дигитална трансформација, 2024 година.
28 ЗНМ, „Анализа: Транспарентноста на единиците на локалната самоуправа за трошењето јавни средства во медиумите“, мај 2025 година.

медиуми, што се оценува како нетранспарентно и како заобиколување на медиумската регулатива. Некои општини имаат по неколку договори со повеќе медиуми, додека други воопшто не склучуваат договори или не одговараат на барањата за транспарентност. Некои договори ја покриваат продукцијата на „јавни настани“ или „најави на општината“, но содржината што се објавува е често во функција на позитивна промоција на градоначалникот или локалната власт, без јасно разграничување меѓу информирање од јавен интерес и промотивна содржина. Ретко која општина објавува детални информации за склучените договори, потрошените средства или ефектите од спроведените кампањи.

## — А.6 ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ ПОВРЗАНИ СО КЛЕВЕТАТА И НИВНАТА ПРИМЕНА НЕ СОЗДАВААТ ЗАСТРАШУВАЧКИ ЕФЕКТ ВРЗ НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМИТЕ

Во 2025 година речиси и да не беа забележани позначајни негативни ефекти од измените на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета усвоени во ноември 2022 година. Целта на овие измени – да се намалат предвидените износи за нематеријална штета кои може да ги досуди судот за да не влијаат негативно врз слободното и критичко новинарство – се покажа дека е оправдана. Законот ја гарантира слободата на изразување, а ограничувањата се во согласност со член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и практиката на Европскиот суд за човекови права.

Според податоците од Основниот граѓански суд Скопје, вкупниот број на активни предмети во последните четири години изнесува 40. Одделно од тоа, во 2025 година биле поднесени 16 нови тужби за клевета и навреда против новинари и/или медиуми. Во 2025 година бројот на нови тужби за клевета и навреда против новинари и/или медиуми се зголеми на 16 споредбено со 2024 година кога статистиката покажа бројка од 15 случаи. Иако зголемувањето во однос на 2024 година е мало, овие податоци укажуваат дека тужбите за клевета и навреда и понатаму остануваат фактор на правна и професионална несигурност за новинарите/медиумите. Дел од интервјуираните новинари ваквиот пораст го перципираат „...како форма на индиректен притисок и обид за замолчување, особено кога тужбите доаѓаат од носители на јавни функции или моќни економски субјекти.“[29] Новинарите ги опишуваат овие постапки и како „исцрпувачки“ и „обесхрабрувачки“, посочувајќи дека и покрај тоа што дел од тужбите немаат силна правна основа, самата постапка создава финансиски и психолошки товар.

29 Изјава на новинарка уредник во онлајн медиум, Фокусна група со новинари и медиумски работници, спроведена од Милан Спировски на 26.12.2025година.

## — А.7 ДРУГИТЕ ЗАКОНИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ОБЈЕКТИВНО И ИМ ОВОЗМОЖУВААТ НА НОВИНАРИТЕ И НА ДРУГИТЕ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ ДА РАБОТАТ СЛОБОДНО И БЕЗБЕДНО

Во земјава не постои ефикасна законска заштита на критичките медиуми или новинари од т.н. стратешки тужби против јавно учество (SLAPP). Во Компаративната анализа за справувањето со SLAPP[30] во земјите од ЕУ и регионот на Западен Балкан, објавена во 2025 година од ЗНМ, се укажува на сериозни празнини во националната регулатива и судската практика – од отсуство на јасни процесни механизми за рано отфрлање на злоупотребени тужби, до недоволна заштита на новинарите од финансиски и психолошки притисок. Се препорачуваат низа законски и институционални мерки кои би овозможиле побрза реакција на судовите и подобра превенција од SLAPP тужбите. Во 2025 година, после повеќегодишна иницијатива на ЗНМ, Владата на РСМ најави формирање на работна група која ќе работи на измени на легислативата со цел да се вградат одредби за заштита од вакви тужби, но до крајот на годината групата се уште не беше оформена.

Споредбено со 2024 година, во 2025 не беше забележан значително зголемен притисок врз истражувачките новинари од страна на бизнис елитата. Сепак, статистиката на ЗНМ за последните четири години укажува на поширок тренд на зголемена употреба на SLAPP тужбите како средство за заплашување и притисок врз истражувачкото новинарство. Во однос на континуитетот на овој проблем, во 2024 година продолжија судските постапки по претходно поднесените тужби, а некои од нив беа проследени со обвинителски активности и рочишта. Во 2025 година беше регистриран еден нов случај на SLAPP тужба кон истражувачки медиум од страна на приватна високообразовна институција.

Во 2025 година не беа забележани примери на арбитрарна или дискриминаторна примена на други закони со цел да се ограничи слободата на новинарската работа или медиумите да се оптоварат со трошоци за застапување. Сепак, отсуството на анти-SLAPP механизми и натаму останува клучен системски проблем.

## — А.8 ДОВЕРЛИВОСТА НА ИЗВОРИТЕ НА НОВИНАРИТЕ Е ЗАГАРАНТИРАНА ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО И ПОЧИТУВАНА ОД ВЛАСТИТЕ

Заштитата на новинарскиот извор е загарантирана и детално уредена во Уставот на РСМ и во неколку закони: Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Кривичниот законик

30 Жарко Алексов и Жарко Хаџи-Зафиров, „Компаративна анализа за справување со SLAPP во регионот на Западен Балкан и ЕУ визави Северна Македонија“, Иницијатива за европска перспектива (ИЕП), 2025 година.

и Законот за заштита на укажувачите. Во текот на 2025 година, одредбите од овие закони се почитуваа, односно ЗНМ не забележа случаи на новинарите да им се ограничува правото на заштита на изворите.

Во текот на 2025 година, ЗНМ немаше регистрирано ниту пријави за притисоци врз новинарите да ги откријат нивните доверливи извори, а новинарите што работат на истражувачки текстови се чувствуваа слободни во контактирањето со изворите. Сепак, бројот на поединци што пријавуваат случаи на корупција до надлежните органи и до новинарите сè уште е мал, иако Законот за заштита на укажувачите им ги гарантира правата на укажувачите и го уредува заштитеното пријавување. Во таа смисла, новинарските извори се охрабрени и институционално се подобро заштитени, но поради притисоци и страв за работното место, луѓето и натаму ретко се осмелуваат да го користат овој механизам.

## — А.9 НОВИНАРИТЕ СЕ СЛОБОДНИ ДА ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА ПРОФЕСИЈА И ДА ОСНОВААТ, ДА СЕ ЗДРУЖУВААТ И ДА УЧЕСТВУВААТ ВО СВОИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

Новинарската професија не подлежи на лиценцирање, а немало ниту обиди на државата за воведување какви било услови за некој да може да работи како новинар. Одредбите од Законот за медиуми се веќе застарени, особено во поглед на ограничувачката дефиниција на поимот новинар[31]. Новинарите се слободни да се организираат во свои здруженија. Во текот на 2025 година не беа забележани директни политички притисоци врз новинарските здруженија како организации, иако во пракса продолжија притисоците поврзани со синдикалното организирање во одделни медиуми. ЗНМ е водечко новинарско здружение, кое работи уште од 1946 година и е членка на Меѓународната федерација на новинари и на Европската федерација на новинари. ЗНМ е членска организација. На крајот од 2025 година, Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) имаше регистрирано 479 активни членови. Членарината се плаќа на двегодишна основа.

Активно работат и две други членски организации: Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ). Во текот на 2025 година, Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) непречено работеше во однос на обработка на примените жалби за медиумски содржини, промовирање на медиумската само-регулација пред пошироката јавност и работата со млади за препознавање и разобличување на дезинформации и говор на омраза. Карактеристично

31 Во членот 2 од „Законот за медиуми“, поимот новинар се дефинира како „лице што собира, анализира, обработува или класифицира информации објавени во медиумите и е вработено во медиумите или има договор за работа со нив, или лице што реализира новинарски активности како независна професија (слободен новинар)“.

за минатата година е што во еден ден до СЕММ беа поднесени преку 140 жалби поврзани со известувањето за трагедијата во Кочани (годишниот просек на примени жалби е околу 100) што се оценува како оркестриран обид за замолчување на медиумите. Главниот проблем за СЕММ останува финансиската кревкост и непредвидливост, што оневозможува развојни и истражувачки активности на организацијата.[32]

Главните предизвици со кои се соочува Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници се поврзани со притисоците против синдикално организирање. Во одредени медиуми преку различни видови суптилни притисоци на вработените новинари и други медиумски професионалци не им се дозволува да се зачленат во ССНМ или да оформат синдикална група. Овие суптилни притисоци главно доаѓаат од менаџментот, особено во поголемите приватни телевизии на национално ниво. Исто така, членовите на ССНМ (но, и потенцијалните членови) се соочуваат со директни притисоци од страна на други два синдикати, во јавниот сервис МРТВ и во државната агенција МИА, кои, според ССНМ, функционираат како т.н. жолти синдикати. Тие притисоци се однесуваат пред се на закани за истапување од ССНМ или преку одвраќање на вработените за зачленување во Синдикатот, а особено се забележуваат во јавниот радиодифузен сервис.[33]

## — А.10 ПРАВО НА ПРИСТАП ДО ОФИЦИЈАЛНИ ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМАЦИИ

Заклучно со декември 2025 година, до Агенцијата за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер биле поднесени 354 жалби од баратели на информации, од кои 36 биле од новинари. Овие податоци укажуваат дека бројот на жалби поднесени од новинари и натаму е релативно низок (во 2024 г. од 454 жалби, 37 биле од новинари). Новинарите кои работат на истражувачко новинарство се жалат дека институциите честопати не ги почитуваат роковите, но нагласуваат и дека, за разлика од порано, Агенцијата покажувала поголемо разбирање и им нуди помош при користењето на Законот[34]. Сепак, во текот на 2025 година ЗНМ нотираше сериозни проблеми во функционирањето на Агенцијата: од 24 декември 2025 година Агенцијата остана без назначен директор и заменик директор, поради што практично не можеше целосно да ги извршува своите законски надлежности. Како последица на оваа состојба, дел од поднесените жалби од новинари и граѓани беа оставени без одговор или решение, а и во случаите кога постапката била завршена, решенијата не можеле да бидат испратени поради отсуство на овластено лице кое ќе ги потпише. Оваа институционална празнина создаде ризик од ограничување на правото на пристап до информации од јавен карактер и можност одредени

32 Интервју со Билјана Георгиевска, извршна директорка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ).
33 Интервју со Дарко Дуридански, Програмски менаџер во Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ).
34 За потребите на овој Извештај се реализирани пет интервјуа со новинари кои работат на истражувачко новинарство во текот на 2025 година.

институции да ја избегнуваат транспарентноста, знаејќи дека жалбите нема кој навремено да ги разгледува.

Во втората половина на 2024 година, Министерството за правда оформи работна група за измени и дополнување на овој закон во која активни членови се и претставници на ЗНМ. Работната група одржа десетина состаноци и изработи предлог за измени на Законот што беше доставен до Собранието, но до крајот на 2025 година овој предлог закон не се најде на дневен ред на собраниските тела.

Според претходни анализи на ЗНМ[35], новинарите сметат дека правосудството е поотворено и потранспарентно отколку во минатото. Овие позитивни придвижувања, сепак, не се должат на системско подобрување, на донесена стратегија или спроведена реформа во насока на зголемување на транспарентноста на правосудството, туку повеќе на однесувањето на поединци во правосудниот систем заради зголемување на транспарентноста на институциите што ги претставуваат. Во насока на унапредување на транспарентноста, ЗНМ, години наназад, укажува и на потребата од формирање регистар на портпароли на правосудните институции, кој би требало да е јавно достапен на веб-страниците на судовите и на веб-страницата www.sud.mk. Таквиот регистар би бил практична алатка за унапредување на институционалната транспарентност и за олеснување на пристапот на новинарите до навремени и точни информации.

Во однос на транспарентноста на Собранието и комуникацијата на политичките партии и пратениците со новинарите во 2025 година ,,новинарите кои што известуваат од Собранието на РСМ не беа целосно и објективно информирани од страна на координаторите на пратеничките групи за реализирањето на планираните активности, особено за несогласувањата меѓу власта и опозицијата или, пак, меѓу претседателот на Собранието и одредена пратеничка група."[36]
Јавноста има можност преку Собранискиот канал непосредно да ја следи работата на пратениците и носењето на законите. Сепак, иако има важна улога во информирањето на граѓаните, Собранискиот канал во суштина претежно служи како технички сервис за пренос на парламентарните активности, без поширока новинарска продукција или аналитичка содржина.[37]

35 Пашовски, Давор, „Ставови и перцепции на новинарите за транспарентноста на правосудството во Северна Македонија", Здружение на новинарите на Македонија, Скопје, 2021.
36 Изјава на новинарка, уредник во онлајн медиум – учесничка на фокус група организирана од Милан Спировски за потребите на изработката на овој извештај 26.12.2025 година.
37 Види повеќе на веб-страницата на Собранието.

## Б. ПОЛОЖБА НА НОВИНАРИТЕ ВО РЕДАКЦИИТЕ

### — Б.1 РАБОТНАТА ПОЗИЦИЈА НА НОВИНАРИТЕ Е СТАБИЛНА И ЗАШТИТЕНА НА РАБОТНОТО МЕСТО

Иако работниот однос на поголемиот дел од новинарите формално се смета за стабилен, секојдневната работна реалност укажува на поинаква слика. Почитувањето на законски утврдениот број работни часови почесто се доведува во прашање во приватните медиуми отколку во јавниот радиодифузен сервис.[38] Над дозволената законска граница работат 28% од новинарите и 14% од медиумските работници, при што прекумерното работно оптоварување се претвора во директен извор на хроничен стрес. Повеќе од половина од новинарите (55%) изјавиле дека многу често или често чувствуваат психолошки притисок од работните обврски, наспроти 31% од медиумските работници.[39]

Во поглед на стабилноста на работниот статус, истражувачките податоци покажуваат дека околу 70% новинари и медиумски работници имале договори за вработување на неопределено време, со полно работно време, околу 17% биле ангажирани со договори на определено време, а 7% односно 9% со договор за дело или авторски договор[40]. Ваквите (времени или нестабилни работни ангажмани) се почести во онлајн-секторот, а потоа во печатените медиуми и во приватните телевизии.

Најголемиот проблем е вреднувањето на трудот на новинарите и медиумските работници на своето работно место. Изминатите две години, околу 50% од новинарите и 77% од медиумските работници имале примања под просечната месечна плата во РСМ, која во тој период изнесувала 37.065,00 денари. Во текот на 2025 година состојбата е влошена, со оглед на тоа дека малку новинари потврдуваат дека платите го следат трендот на зголемување на просечната плата во земјава. Друг сериозен проблем е што во голем број случаи медиумите не им исплаќаат на вработените надоместок за прекувремената работа или работа во празници.

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) е единствениот национален синдикат, кој ги обединува новинарите и медиумските работници во земјава. На крајот од 2025 година, ССНМ броеше околу 500 активни членови. Минатата година беа регистрирани суптилни притисоци врз раководството и врз членовите на ССНМ, поврзани со зачленувањето на новинарите во синдикатот, но и со ставот на ССНМ против укинувањето на забраната за државното рекламирање во приватните аудиовизуелни медиуми. И во 2025 година нема потпишан општ колективен договор за заштита

38 Трпевска, Снежана, „Работните услови во медиумскиот сектор: „Професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници“, ССНМ, Институт РЕСИС, Скопје, 2024.
39 Ибид, стр.17.
40 Ибид.

на правата на новинарите во приватните медиуми. ССНМ има потпишано колективен договор само со Медиумската информативна агенција (МИА), која е во државна сопственост[41]. Во 2025 година синдикалната група на ССНМ при МРТ работеше на подобрување на условите за работа на новинарите во јавниот сервис, а одржа и работна средба со Програмскиот совет на МРТ.[42]

## — Б.2 УРЕДУВАЧКА НЕЗАВИСНОСТ ВО ПРИВАТНИТЕ МЕДИУМИ

Не постојат објавени податоци од кои може да се утврди дали и колку приватни медиуми имаат внатрешни организациски акти или правила, според кои, уредничкиот колегиум е и формално одвоен од менаџментот на медиумот. Сепак, според исказите на новинари преку директна комуникација може да се заклучи дека вакви акти ретко постојат. Нема информации за тоа дали некој од приватните медиуми има усвоено и свои посебни етички кодекси или правила. Единствениот кодекс што важи за сите професионални новинари, во кој било медиумски сектор, е Кодексот на новинарите на Македонија[43], усвоен во 2001 година. Кодексот е основа за постапување и на Советот на честа на ЗНМ и на Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите (СЕММ).[44] СЕММ има усвоено и Насоки за етичко известување на онлајн медиумите, односно насоки за примена на Кодексот на новинарите во онлајн сферата[45].

Поврзаноста меѓу сопствениците на одделни медиуми и центрите на моќ честопати е на штета на новинарите што работат во овие медиуми. На фокус групата со новинари и новинарки и медиумски работници што ја организираше ЗНМ[46] за потребите на овој извештај, учесниците истакнаа дека често не пријавуваат и не знаат каде да пријават притисоци, закани и коментари за нив и нивната работа.

,,Кога станува збор за притисоци, ние како новинари освен во ЗНМ и ССНМ немаме каде да пријавиме дека сме мета на такви појави".[47] Инаку, притисоците најчесто не се изразени како директни закани, туку преку низа суптилни начини на влијание, а особено преку нестабилноста на работниот статус на новинарите и медиумските работници.

41 Интервју со Дарко Дуридански, проектен координатор во Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ), 22 јануари 2026.
42 ССНМ и синдикалната група на МРТ при ССНМ на средба со Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија, 20.11.2025 година.
43 Здружение на новинарите на Македонија, „Кодекс на новинарите на Македонија".
44 На иницијатива на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ), започна процесот на консултации за изработка на нов етички кодекс за новинарите и медиумите. Новиот кодекс ќе ја замени постоечката верзија од 2001 година, со цел да ги одрази современите предизвици и потреби на новинарската и медиумската заедница. Како поддршка на процесот изработени се два важни документа, кои обезбедуваат аналитичка основа и насоки за модернизација на етичките стандарди во новинарството.
45 Совет за етика во медиумите на Македонија, „Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите - Примена на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата".
46 Фокусна група со новинари и медиумски работници, спроведена од Милан Спировски на 26.12.2025година.
47 Изјава на новинар, учесник во фокусната група со новинари одржана на 26.12.2025 година.

## — Б.3 УРЕДУВАЧКА НЕЗАВИСНОСТ ВО ЈАВНИОТ МЕДИУМСКИ СЕРВИС

Македонската радиотелевизија (МРТ) уште од 2017 има усвоено Етички кодекс[48], кој се однесува за креативните кадри и на сите вработени во МРТ. Кодексот уште од почетокот наиде на критики од новинарската заедница поради неговата содржина, но и поради отсуството на транспарентност при неговата изработка. Најголемиот недостаток на Кодексот е мешањето на новинарската етика со работната дисциплина и со правата и обврските на новинарите што произлегуваат од работните односи. Етичката комисија при МРТ, која е надлежна да го следи почитувањето на Кодексот, немала примено ниту една поплака во изминатиот период. ЗНМ, во 2021 година апелираше за измена на Етичкиот кодекс на МРТ и утврдување процедури за поднесување претставки и за начинот на работа на Етичката комисија, кои би требало да се објавени и на веб-страницата на МРТ. Во текот на 2025 година, новиот состав на Програмскиот совет при МРТ иницираше активности во однос на ова прашање во соработка со професионалните медиумски организации и стручната јавност[49] што може да се оцени како позитивен почетен исчекор во насока на надминување на забележаните слабости.

МРТ има внатрешни акти, според кои, редакциите се и формално одвоени од управувачките структури. Сепак, на веб-страницата на МРТ тешко можат да се пронајдат информации за правилата во внатрешната организациска поставеност и за работењето на нејзините органи и тела. МРТ сѐ уште не е ослободена од системски политички влијанија[50], иако постојната регулатива е дизајнирана за да ја обезбеди независноста во изборот на органите и телата на МРТ и нејзиното стабилно и независно финансирање. Во изминативе неколку години, вклучително и во 2025 година, не се регистрирани директни притисоци на власта врз редакциите или врз индивидуални новинари, туку повеќе станува збор за структурни облици на притисок: преку одложувањето на изборот на новите органи на МРТ. Во декември 2025 година, Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио телевизија (МРТ) ја информираше јавноста[51] дека Предлог-Статутот на МРТ се става на јавна расправа во траење од 30 дена, сметано од денот на неговото објавување на веб-страницата на МРТ. Во рамки на јавната расправа, сите заинтересирани страни, институции, професионални и граѓански организации, медиумски работници и граѓани ќе имаат можност да доставaт свои мислења, коментари и предлози во однос на текстот на Предлог-Статутот.

48 Македонска радиотелевизија, „Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ“, Скопје, 2017.
49 ЗНМ со конкретни предлози за јавниот сервис на првата јавна седница на Програмскиот совет на МРТ, 12.09.2025 година.
50 Здружение на новинарите на Македонија, Слободата на медиумите во Северна Македонија: Напредок на стаклени нозе, Извештај од Мисијата за проценка на состојбата со слободата на медиумите, Скопје, 5-7 јуни 2023 година
51 Јавен повик на Програмскиот Совет на МРТ за измена на нов Статут, 25.12.2025 година.

## — Б.4 УРЕДУВАЧКА НЕЗАВИСНОСТ ВО НЕПРОФИТНИОТ МЕДИУМСКИ СЕКТОР

Непрофитните медиуми во земјава не се доволно развиени, пред сѐ поради отсуството на политики за поддршка и финансирање на овој сектор[52]. Иако медиумскиот регулатор има усвоено посебен документ за политики[53] за развој на непрофитниот радиодифузен сектор, до минатата година постоеја само две непрофитни радија – едно радио наменето за студентските заедници на државниот универзитет во Битола (УКЛО ФМ), а едно радио наменето за верска заедница во Струмица (Радио Марија Благовест).

Постојат различни видови непрофитни медиуми во онлајн-секторот во земјава. Неколку независни новинарски редакции, кои се регистрирани како здруженија на граѓани, се занимаваат со истражувачко новинарство: Призма, ИРЛ, 360 степени, СКУП Македонија[54] и др. Други невладини организации, како дел од своите програмски проекти, имаат основано и информативни медиуми, наменети за различни публики: Порталб, Радио Моф, Мета.мк, Јасно.мк, Локал Актив[55] и други. Редакциите на непрофитните медиуми се вообичаено мали и вклучуваат по неколку новинари, а финансирањето им е нестабилно и неодржливо.

Во април 2025 година се направи значаен чекор со тоа што онлајн медиумите и интернет порталите се препознаени во Законот за медиуми.[56] Оваа промена е важна бидејќи порталите и новинарите сега полесно ќе можат да ја бараат својата заштита. Воведувањето на Регистарот на издавачи на онлајн медиуми при АВМУ[57] претставува позитивен чекор кон зголемување на транспарентноста и професионализацијата. По иницијатива на Министерството за дигитална трансформација, со последните измени на Законот за медиуми интернет порталите, вклучително и непрофитните, прв пат се препознаваат како медиуми со соодветни права и обврски.

Не постои посебен кодекс за однесување на новинарите во непрофитниот сектор, но во 2021 година, СЕММ усвои Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите[58], кои всушност подетално ја разработуваат примената на

52 Мицевски, Игор, Трпевска, Снежана, „Мониторинг на медиумскиот плурализам во дигиталното доба: Примена на мониторот на медиумскиот плурализам во Европската Унија, Албанија, Северна Македонија и Турција - Национален извештај: Република Северна Македонија“, Европски универзитетски институт, јуни, 2023 година.

53 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Концепт за развој на непрофитните радиодифузни установи“, декември, 2015 година.

54 Призма е интернет-страница на БИРН Македонија, наменета за промоција и јакнење на истражувачкото новинарство. Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) е непрофитна медиумска организација, чие известување е фокусирано на корупција, криминал и добро владеење. СКУП Македонија е невладина и непрофитна организација, чија цел е да го унапредува, поддржува и поттикнува истражувачкото новинарство.

55 Порталб е непрофитен медиум на албански јазик, основан од невладината организација Иновативни медиуми, чија цел е да ги унапредува новинарските практики. Радио МОФ е програмска активност на Младински образовен форум. Мета.мк е независна новинска агенција, која е проект на Фондацијата „Метаморфозис“. Јасно.мк е дигитална платформа, основана од ЗНМ, со цел да ја подигнува свесноста и да ги зајакнува капацитетите на локалните заедници за препознавање дезинформации, посебно врз родова основа. Локал актив е онлајн-медиум на локалните заедници, вклучително и на ранливите групи граѓани и граѓанските организации што работат со нив, основан од Институтот РЕСИС во партнерство со 22 граѓански организации од источниот и од југоисточниот регион и 10 граѓански организации од вардарскиот регион.

56 Закон за медиуми, пречистен текст, Министерство за дигитална трансформација.

57 ЗНМ алармира: Недостигот на правила за платена политичка реклама во онлајн медиумите создава корупциски ризици, 15.08.2025 година.

58 Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите.

основните етички принципи на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата. Покрај тоа, СЕММ и ЗНМ формираа Регистар на професионални онлајн-медиуми[59] Промедиа, во кој членуваат околу 116 онлајн информативни медиуми, вклучувајќи ги и дел од непрофитните. Најголемиот дел од овие медиуми го имаат прифатено Етичкиот кодекс и Насоките за етичко известување во онлајн-медиумите, за чие спроведување се грижи СЕММ.[60]

Иако притисокот кон непрофитните медиуми, особено тие што се занимаваат со истражувачко новинарство, беше намален во споредба со периодот од пред 10 години, кога новинарите и уредниците од овие медиуми честопати беа дискредитирани и грубо напаѓани во јавноста поради критичките текстови кон тогашната власт и моќници, согледувањата на учесниците во фокус групата се дека перцепцијата е дека во последниве три години повторно има зголемување на притисоците, особено видливо преку поднесување тужби за клевета и навреда.

## — Б.5 СЛОБОДА НА НОВИНАРИТЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОИЗВОДСТВО НА ВЕСТИ

Проблем што често го истакнуваат новинарите е влијанието на дел од уредниците врз нивната секојдневна работа, но тоа не е толку директно и видливо, односно има повеќе самоцензура отколку директни притисоци. Станува збор за тоа дека во редакциите однапред се знае кои теми се прифатливи, односно кои теми уредникот ќе ги прифати, а кои ќе ги отфрли. Новинарите што беа вклучени во истражувањето спроведено за 2025 година[61] сметаат дека имаат слобода во изборот на теми во процесот на продукција на вестите: „Во текот на изминатава година, барем во нашата редакција, никогаш не сме имале опструкции или забелешки во врска со темите на кои новинарите работат или ќе работат, секогаш сме наидувале на поддршка".[62] Тоа особено се однесува на медиумите што имаат поголеми редакции. Но, изборот на темите за известување во регионалните и во локалните медиуми е поголем проблем за новинарите. ,,Причината за овој проблем е малата средина во која функционираат овие медиуми, воспоставените клиентелистички врски на сопствениците со градоначалниците и други локални моќници, како и лошата финансиска состојба во која се наоѓаат овие медиуми."[63]

Иако бројот на истражувачки медиуми е мал, политичкото опкружување сега повеќе овозможува истражувачка новинарска работа. Генерално, новинарите работат во поотворена и ослободна атмосфера отколку во претходната деценија и се чувствуваат послободни да истражуваат и да известуваат за комплексни прашања,

59 Регистар на професионални онлајн-медиуми во Република Северна Македонија ПРОМЕДИА.
60 Совет за етика во медиумите на Македонија, „Насоки за етичко известување на онлајн-медиумите - Примена на Кодексот на новинарите во онлајн-сферата".
61 Изјава на новинарка учесничка во фокусна група одржана на 26.12.2025 година.
62 Изјава на новинар, учесник во фокусна група одржана на 26.12.2025 година.
63 Изјава на новинарка уредничка во телевизија, учесничка во фокусна група одржана на 26.12.2025 година.

како што е корупцијата. Сепак, се чини дека кај поширокатa новинарска заедница сѐ уште постои многу автоцензура поради стравот од политички или од правни последици. Според проценката направена од неколку меѓународни експерти, состојбата на независното новинарство и уредничката слобода и натаму е проблематична, бидејќи „..многу сопственици на медиуми, особено во традиционалните медиуми (национални ТВ-станици), имаат други основни бизниси, кои често зависат од тендери на министерствата и на институциите, создавајќи имплицитни или експлицитни табу теми“[64].

## — Б.6 ЕКОНОМСКА ПОЛОЖБА НА НОВИНАРКИТЕ

Резултатите од спроведените анализи и истражувања од изминатите две години[65] покажуваат дека јазот во платите по основ на пол речиси не постои во медиумскиот сектор, но ниските примања и натаму се системски предизвик. Повеќе од половина од новинарите и значителен дел од медиумските работници заработуваат под просечната месечна плата на државно ниво, при што ситуацијата е особено неповолна во приватниот сектор. Иако редовноста на исплатите генерално не претставува проблем, широко е распространета практиката да не се исплаќаат надоместоци за прекувремена работа и работа на празници. Податоците исто така укажуваат дека жените не се во подредена положба во поглед на кариерниот развој и застапеноста на уреднички позиции, со речиси еднаква родова застапеност во уредничките структури, особено во радиодифузниот сектор[66].

Не постојат понови истражувачки податоци за тоа дали новинарките и медиумските работнички се изложени на напади, притисоци и вознемирувања врз родова основа. Сепак, одделни новинарки изјавуваат дека често се изложени на коментари од сексистички карактер, притисоци или навреди, само поради фактот што се жени[67]. Иако податоците не укажуваат на изразена подреденост на жените во поглед на кариерниот развој и застапеноста на уредничките позиции, тоа не значи дека новинарките се ослободени од родово специфични облици на притисок и вознемирување, особено во онлајн просторот. ,,Најчестата појава при објавување на некаква истражувачка сторија или текст во контекст на закани и заплашување кон новинарките се случува на социјалните мрежи од страна на непознати мажи, и коментарите се застрашувачко омаловажувачки, сексистички и доста шовинистички само затоа што авторот на тој текст или сторија е жена.”[68]

---

64 Здружение на новинарите на Македонија, „Слободата на медиумите во Северна Македонија: Напредок на стаклени нозе“, Извештај од Мисијата за проценка на состојбата со слободата на медиумите, Скопје, 2024 година.
65 Трпевска, Снежана, „Работните услови во медиумскиот сектор: „Професионален статус и работнички права на новинарите и медиумските работници“, ССНМ, Институт РЕСИС, Скопје,2024.
66 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2022 година“, август, 2023 година.
67 Изјава на новинарка од онлајн медиум, учесничка во фокусна група одржана на 26.12.2025 година.
68 Изјава на уредничка новинарка од печатен и онлајн медиум за потребите на овој извештај, учесничка во фокус група на 26.12.2025 година.

Според Регистарот на ЗНМ,[69] од вкупно пет регистрирани случаи во 2025 година, два се инциденти во кои биле нападнати новинарки, од кои едниот се однесува на запалено патничко возило на новинарка од Охрид[70], а другиот е поврзан со родово базирано вознемирување на повеќе новинарки.[71] Новинарките честопати трпат навреди и омаловажувања кога известуваат за сензитивни теми. Се користат квалификации што се однесуваат единствено на жените, во пејоративно значење, засновани врз предрасуди и родови стереотипи, појави што индиректно се одразуваат врз нивната професионална иднина и врз нивниот приватен живот.

69 Регистар на случаи на повреда на правата на новинарите и медиумските работници низ годините, Здружение на новинарите на Македонија.
70 Во јануари 2025 година во дворот на семејната куќа било запалено возилото на новинарката Сузана Вренцовска, дописничка од Охрид на СДК.мк.
71 Зоран Божиновски исклучен од ЗНМ за сериозни етички повреди и родово базирано вознемирување, 02.10.2025 година.

## В. БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ

### — В.1 НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ АКТЕРИ ИМААТ ПРИСТАП ДО НЕПОСРЕДНИ И ЕФЕКТИВНИ ЗАШТИТНИ МЕРКИ КОГА СЕ ИЗЛОЖЕНИ НА ЗАКАНИ

Надлежниот обвинител за предмети поврзани со напади врз новинари, назначен од Основното јавно обвинителство во 2022 година е клучна контакт точка за директна комуникација со новинарите во случаи на физички напад, закани или сериозни форми на вознемирување. Ваквата отворена комуникациска линија е значаен исчекор во институционалната заштита на новинарите, но ефективноста на овој механизам сепак зависи од брзината на реакција и од исходот на постапката. За таа цел е потребна подобра координација меѓу Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи во сите случаи на закани, притисоци и напади врз новинари и медиумски работници. Во 2025 година ЗНМ регистрираше пет случаи на напади и закани кон новинари и медиумски работници, што е зголемување за еден случај во споредба со претходната година. Два инцидента се издвојуваат по сериозноста: првиот се однесува на онлајн матретирањето, агресивни, вознемирувачки или дискриминаторски изјави кон група новинарки од страна на новинарот и уредник на порталот Буре весник, Зоран Божиновски, а вториот е случајот со уништување на имот и упад во редакцијата на Инфомакс од страна на непознато лице. Сите случаи беа пријавени во МВР. По упадот и уништувањето на имотот на редакцијата на Инфомакс (извршен од непознато лице) беше поднесено обвинение до Основен кривичен суд Скопје кој донесе условна пресуда за сторителот. Во врска со случајот со Зоран Божиновски правни постапки се водат пред Основното јавно обвинителство, Агенцијата за заштита на лични податоци и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

### — В.2 НОВИНАРИТЕ И ДРУГИТЕ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ (ЧИИ ЖИВОТИ ИЛИ ФИЗИЧКИ ИНТЕГРИТЕТ СЕ ВО РЕАЛЕН И НЕПОСРЕДЕН РИЗИК) ИМААТ ПРИСТАП ДО СПЕЦИЈАЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА/ БЕЗБЕДНОСТ

Постојната законска рамка овозможува примена на мерки за заштита на жртви на закани и насилство, вклучително и новинари, но практичната примена на овие механизми е ограничена. Законот за кривична постапка предвидува мерки за заштита во случаи кога безбедноста на новинарот (како и на кои било други лица) е сериозно загрозена. Согласно член 146, став 1, точка 6, може да се изрече мерка забрана за приближување или воспоставување контакт со определено лице, но оваа мерка може да се примени само доколку сторителот е идентификуван и доколку постапката е веќе во тек. Сепак, иако законската интенција е да се обезбеди заштитен механизам против закани по животот и физичкиот интегритет, постојниот модел во

пракса не ги покрива сите ризични ситуации, особено во случаи кога заканите доаѓаат од непознати лица или преку онлајн платформи. Во вакви околности, правната заштита се покажува како недоволна за навремена превенција. Во текот на 2025 година не беа регистрирани случаи во кои новинари формално побарале физичка заштита преку постојните законски механизми, што укажува на ниско ниво на доверба во нивната ефикасност или на недоволна информираност за нивната практична примена. И понатаму новинарите кои се соочуваат со закани најчесто се обраќаат до ЗНМ, кое потоа посредува и бара од надлежните институции да преземат соодветни мерки за итна заштита. Во земјата постојат повеќе организации што обезбедуваат поддршка за жртви на различни форми на насилство, вклучително и правна и психолошка помош. Во 2024 година, ЗНМ објави Прирачник за безбедност на новинарите во соработка со Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи, како практична алатка за постапување во случаи на закани, притисоци и насилство при вршење на професионалните обврски.

Во иднина неопходно е унапредување на посебни протоколи за заштита на новинарите во ситуации на висок ризик, како и јасни процедури за брза реакција на институциите, со цел овие механизми да станат функционални и достапни во пракса, а не само формално предвидени со закон.

## — В.3 НОВИНАРКИТЕ ИМААТ ПРИСТАП ДО ЗАКОНСКИ МЕРКИ И МЕХАНИЗМИ ЗА ПОДДРШКА КОГА СЕ СООЧУВААТ СО РОДОВО ЗАСНОВАНИ ЗАКАНИ, МАЛТРЕТИРАЊЕ И НАСИЛСТВО

Истанбулската конвенција, ратификувана во Северна Македонија во 2018 година, претставува основа за системски пристап кон спречувањето и санкционирањето на родово-заснованото насилство. Нејзините принципи се вградени во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, кој предвидува обврски за институциите во однос на превенцијата, заштитата на жртвите и обезбедувањето бесплатна правна помош. Иако законската рамка предвидува механизми за поддршка, нивната практична примена е недоволно ефикасна во случаите на родово-засновани закани и онлајн напади врз новинарки. Во 2025 година, загрижувачки е порастот на случаи на онлајн вознемирување, сексуализирани напади и дискриминаторски изјави кон новинарки, што создаваше непријателска средина за нивното професионално работење.

Надлежни институции за постапување по случаи на родово-засновано насилство се полицијата, центрите за социјална работа, народниот правобранител, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, обвинителствата и судовите. Иако е воспоставен интегриран систем за собирање податоци, тој и понатаму не ги категоризира инцидентите според професијата

на жртвата, поради што не постојат официјални податоци за бројот на новинарки меѓу жртвите.

Новинарките најчесто ги пријавуваат инцидентите во МВР или директно во ЗНМ, кое води сопствен регистар на напади врз новинари и новинарки. Реалниот обем на родово-засновано вознемирување е веројатно поголем од регистрираниот, поради тоа што новинарките често не ги пријавуваат инцидентите. Иако постои можност за обраќање до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во 2025 година пред ова тело само од страна на ЗНМ се поднесени седум претставки за случаи на дискриминација врз новинарки.

## — В.4 ВОСПОСТАВЕНА Е ПРАКТИКА НА РЕДОВНА ЈАВНА ОСУДА НА ЗАКАНИТЕ И НАПАДИТЕ ВРЗ НОВИНАРИ И МЕДИУМИ

Во 2025 година беа забележани зголемен број случаи на јавни притисоци, дискредитација и попречување на работата на новинарите и медиумските професионалци. Иако има реакции на владини функционери за осуда на заканите или насилството врз новинарите, регистрирани се и примери на негативна реторика, јавни навреди и притисоци од страна на политичари, политички партии, јавни функционери и други институции. Во февруари 2025 година, новинарските здруженија најостро ја осудија кампањата за оцрнување насочена кон независните и критички настроени медиуми. Оваа кампања дополнително засилена на социјалните мрежи имаше за цел да ги дискредитира медиумите и новинарите кои постојано откриваат корупција, злоупотреба на моќта и други прашања од јавен интерес. Тенденциозниот наратив дека овие медиуми добиле средства од УСАИД за да ја поткопаат демократијата претставува обид да се делегитимира нивната работа, иако нивното известување доведе до законски реформи, кривични истраги и санкции против одговорните за разни злоупотреби.[72] ЗНМ реагираше и на политичкото етикетирање новинари кога пратеник на владејачка партија, на две последователни прес-конференции, употреби несоодветни квалификации за новинарот Ордановски, врамувајќи го во политички и партиски контекст. Оваа реторика, кога доаѓа од носители на власта, не само што е контрапродуктивна за слободниот јавен дискурс, туку создава и ризик од продлабочување на недовербата и поттикнување омраза кон новинарите.[73]

Во март 2025 година новинарските здруженија реагираа и на координираната онлајн кампања на вознемирување и дискредитација насочена кон уредникот на Инфомакс, Александар Митовски, по објава на видео на социјалните мрежи од негова средба со поранешен претседател на Владата. Видео материјалот беше злоупотребен со намера

72 Осуда за кампањата за оцрнување на независните медиуми и закани кон новинарите – Здружение на новинари на Македонија, 12 февруари 2025.
73 ЗНМ: Политичкото етикетирање на новинари е неприфатливо – Здружение на новинари на Македонија, 22 февруари 2025.

да се креираат негативни наративи кон Митовски, кои потоа се ширеа преку провокатори, но и анонимни ботови, што резултираше со масовна онлајн хајка, говор на омраза и повици за насилство. Во мај 2025 година, директорот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Петар Богојески, упати недолични и груби изјави насочени кон редакцијата на порталот Рацин.мк, нејзините новинари и уредници. Особено е загрижувачки што ваквите изјави доаѓаат од јавни функционери, односно партиски претставници, бидејќи го девалвираат угледот на институцијата што ја претставуваат и можат да поттикнат омраза и дела мотивирани од омраза кон новинарите.[74] Во јули 2025 година, Министерството за здравство упати апели до медиумите кои беа ограничувачки по својата содржина и беа протолкувани како институционален притисок врз медиумите и обид за воспоставување лоша институционална пракса во односите со медиумите, особено кога тоа се однесува на чувствителни настани од јавен интерес.[75] Во септември 2025 година вработена во Министерството за здравство, недолично и непрофесионално се однесуваше кон новинарки за време на јавен настан на кој бил присутен и министерот за здравство Азир Алиу.[76] И за време на изборите, новинарите и медиумските работници се соочуваа со ограничувања во пристапот и известувањето од избирачките места.[77] По завршувањето на изборите, на конференција за медиумите, опозициската партија СДСМ упати дискредитирачки изјави кон повеќе медиуми.[78]

Сите овие случаи покажуваат дека, и покрај редовната јавна осуда на нападите врз новинари, сè уште постојат предизвици во поглед на однесувањето и комуникацијата на јавните функционери со новинарите и медиумите.

## — В.5 ПОЛИЦИСКИТЕ ВЛАСТИ СЕ СЕНЗИТИВНИ НА ПРАШАЊЕТО ЗА ЗАШТИТА НА НОВИНАРИТЕ

Во текот на 2025 година, ЗНМ и МВР ја продолжија и продлабочија соработката во областа на заштитата и безбедноста на новинарите, со цел навремено постапување во случаи на закани и напади врз новинари, вклучително и во онлајн просторот, каде што се забележува зголемен број на вознемирувања и закани кон медиумските работници споредено со минатата година. МВР ја потврди безбедноста на новинарите како еден од врвните приоритети и во таа насока на својата веб-страница постави пристап до регистарот на напади врз новинари и ја интензивираше координацијата со ЗНМ и другите актери за навремено постапување по случаите на закани и напади. , вклучително и преку

74 ЗНМ: Јавните функционери да се воздржат од навреди и дискредитации кон новинарите и медиумите – Здружение на новинари на Македонија, 27 мај 2025.
75 ЗНМ: Апелите од Министерството за здравство се на граница на цензура – Здружение на новинари на Македонија, 6 јули 2025.
76 ЗНМ и ССНМ: Недолично однесување на претставници на Министерството за здравство кон новинари е недозволиво – Здружение на новинари на Македонија, 3 септември 2025.
77 ЗНМ: Да се обезбеди почитување и непречена работа на медиумските работници на гласачките места – Здружение на новинари на Македонија, 19 октомври 2025.
78 ЗНМ: Политичките субјекти треба да се воздржат од јавно етикетирање и дискредитација на медиумите – Здружение на новинари на Македонија, 13 декември 2025.

активности како кампот за безбедност на млади новинари кој ЗНМ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје традиционално го организираат трета година по ред.

Во 2025 година во рамки на Секторот за компјутерски криминал при МВР беше назначено лице за контакт точка задолжено за случаите на онлајн напади и вознемирување. Покрај ова, Министерството за внатрешни работи назначи и контакт лица за заштита на новинарите на локално ниво.

Сепак, и покрај овој напредок остварен во 2025 година, потребно е да се унапредува односот на полицијата кон новинарите, особено при известувањето од терен, каде новинарите и медиумските работници се изложени на зголемени ризици. Потребно е континуирано јакнење на капацитетите на полициските службеници во однос на слободата на медиумите и значењето на безбедноста на новинарите.

## — В.6 СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИТЕ ИСТРАЖНИ ЕДИНИЦИ И/ИЛИ СЛУЖБЕНИЦИ ИМААТ СООДВЕТНА ЕКСПЕРТИЗА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НАПАДИ И НАСИЛСТВО ВРЗ НОВИНАРИ

Специјализираните истражни единици и/или службеници формално располагаат со одредено ниво на експертиза за постапување по напади и закани врз новинари, а во текот на 2025 година беа дополнително афирмирани и постојните контакт-точки во обвинителството и МВР, како и полициските протоколи за итно постапување.

Сепак, и покрај видливата комуникација и редовните средби меѓу ЗНМ, обвинителството и МВР, соработката сè уште не резултира со доволно ефикасно процесирање на случаите, особено кога станува збор за онлајн закани и дигитално насилство. Изјавите на претставниците на институциите за унапредените протоколи и подобрената координација укажуваат на формален напредок, но практичната имплементација останува нерамномерна и бавна.

Според податоците од Регистарот на ЗНМ, на крајот на 2025 година се евидентирани вкупно 85 напади и закани врз новинари во периодот 2014 – 2025 година, при што само ограничен број случаи се завршени со судска пресуда. Овој дисбаланс меѓу нормативните заложби и реалните исходи укажува дека, и покрај постоечката комуникација, потребно е продлабочување на институционалната соработка, јакнење на истражните и обвинителските капацитети и поодлучна казнена политика за да се обезбеди поефикасна заштита на новинарите.

## — В.7 ИСТРАГИТЕ ЗА СЕРИОЗНИ ФИЗИЧКИ НАПАДИ ВРЗ НОВИНАРИ И ДРУГИ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ЕФИКАСНО (НЕЗАВИСНО, ТЕМЕЛНО И НАВРЕМЕНО)

Во текот на 2025 година, ЗНМ во својот регистар евидентираше пет напади врз новинари и медиумски работници, што претставува зголемување на бројот на инциденти во споредба со претходната година. Сите случаи беа пријавени до Министерството за внатрешни работи, а дел и до Основното јавно обвинителство.

Особено загрижувачки е трендот на онлајн напади и закани, при што во 2025 година се забележува пораст на ваквите инциденти (5 во 2025, 4 во 2024 година), најчесто насочени кон жени новинарки. Според информациите со кои располага ЗНМ, за два од пријавените случаи во 2025 година веќе има преземени конкретни дејствија, вклучително и приведување на осомничени лица и донесени судски пресуди. Сепак, другите три од регистрираните случаи сè уште се во тек на предистрага или истражна постапка или исходот на постапките, а некои од нив остануваат без каква било разрешница. Ова укажува на потребата од поголема транспарентност и поефикасен институционален одговор во процесирањето на нападите врз новинарите и медиумските работници.

За споредба, во 2022 година беа евидентирани 7 напади, од кои 2 случаи завршија со судска одлука. Во 2023 година бројот на напади се намали на 5, при што исто така 2 случаи добија судски епилог, додека во 2024 година беа регистрирани 4 напади и за 3 од нив беше започната постапка.

Сепак, фактот што дел од случаите од претходните години остануваат нерешени, потврдува дека проблемот на неказнивост и понатаму е присутен. Иако од петте регистрирани случаи во 2025 година за два веќе е донесена судска пресуда, бавното и нецелосно постапување по останатите 3 предмети ја нарушува довербата на новинарската заедница во институциите и го продлабочува чувството на небезбедност.

## — В.8 НОВИНАРИТЕ И ДРУГИТЕ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ СЕ ЕФИКАСНО ЗАШТИТЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ ФОРМИ НА МАЛТРЕТИРАЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

ЗНМ смета дека измените на Кривичниот законик усвоени во 2023 година претставуваат значаен исчекор во насока на зајакнување на правната заштита на новинарите и медиумските работници. Со овие измени, кривичните дела убиство (член 123), присилба (член 139), загрозување на сигурноста (член 144) и спречување службено лице во вршење на службено дејствие (член 382) се квалификуваат потешко кога се сторени врз новинари, со што се предвидуваат построги санкции и задолжително постапување по службена должност од страна на

обвинителството. Дополнително, со законските измени беше воведено и кривичното дело „демнење“ (член 144-а), кое опфаќа континуирано и несакано следење или вознемирување што кај жртвата создава чувство на страв и несигурност. Според оценката на правните експерти, оваа норма е особено релевантна за новинарите, кои во 2025 година сè почесто се изложени на вакви облици на притисоци, особено преку онлајн платформи.

Иако најавите беа дека во текот на 2025 година ќе се пристапи кон дополнителни измени и донесување нов Кривичен законик, ова не беше реализирано во предвидениот рок[79]. Како што беше соопштено[80] од Министерството за правда, нацрт-верзијата на новиот Кривичен законик е подготвена, но неговото усвојување е одложено поради потребата од дополнително усогласување со повеќе директиви на Европската Унија[81]. Во рамки на новиот законски текст, предвидено е и воведување ново кривично дело поврзано со злоупотреба на снимки, фотографии и аудио-видео материјали со сексуално експлицитна содржина, вклучително и манипулативни содржини креирани со вештачка интелигенција (deep fake), што има значење и за заштитата на новинарите од нови облици на дигитална злоупотреба.

## — В.9 ИСТРАГИТЕ ЗА СИТЕ ВИДОВИ НАПАДИ И НАСИЛСТВО ВРЗ НОВИНАРИ И ДРУГИ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ТРАНСПАРЕНТНО

И покрај воспоставената соработка на ЗНМ со надлежните институции, состојбата во 2025 година укажува на континуирана потреба од поголема транспарентност и поефикасно институционално постапување. Недоволното и нередовно информирање за текот на постапките придонесува за перцепција на неказнивост и ја намалува довербата на новинарската заедница во системот за заштита.

Во текот на 2025 година, транспарентноста на судските постапки во кои се инволвирани новинари останува на приближно исто ниво како и во претходните години. Основните граѓански и кривични судови во Скопје сè уште не обезбедуваат проактивно детални информации за предметите поврзани со нападите врз новинари, освен по доставени поединечни барања. Воедно, не е воспоставена практика на редовно известување на јавноста или на новинарските организации, вклучително и на ЗНМ и ССНМ, за напредокот на овие постапки.

ЗНМ и во текот на 2025 година ги следеше регистрираните случаи преку директна комуникација со судските и обвинителските органи. Според податоците добиени

79 Самарџиски, А. Пратениците со кратки измени ги заоструваат казните за злоупотреби, новиот закон ќе почека, Радио Слободна Европа, декември 2025.
80 Известување за подготовка за изготвување на нов предлог закон, Министерсво за правда, 2025 година.
81 Станува збор за Директивата за заштита на животната средина преку кривично право (EcoCrime), Директивата за спречување семејно насилство и насилство врз жените, Директивата за поврат на средства и конфискација, како и Предлог-директивата за борба против корупцијата.

од Основно јавно обвинителство Скопје, за два случаи од Регистарот на ЗНМ се водат постапки. Во предметот што се однесува на запаленото возило на новинарката Вренцовска, постапката сѐ уште се наоѓа во фаза на предистрага, при што се дадени насоки до Министерството за внатрешни работи по кои се постапува. За разлика од ова, во случајот на физички напад врз новинарска екипа на Алсат М при известувањето за голем пожар, е донесена осудителна пресуда врз основа на признание на вина од страна на сторителот.

## — В.10 СИСТЕМИТЕ ЗА СОБИРАЊЕ КВАЛИТЕТНИ СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ СЕ ВОСПОСТАВЕНИ ОД ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧИ НЕКАЗНИВОСТА

Во текот на 2025 година МВР немаше воспоставено и објавено јавен регистар на случаи на прекршување на правата на новинари и медиумски работници.Забележан е мал, но значаен исчекор во делот на статистичкото следење на нападите врз новинари и медиумски работници. МВР на својата официјална веб-страница објави посебен линк[82] за следење на овие инциденти, кој води директно до официјалната страница на ЗНМ и до јавниот Регистар на напади што го води ЗНМ.

Во судството состојбата и во 2025 година останува непроменета. Судските институции сѐ уште не располагаат со функционални статистички системи што овозможуваат евидентирање и пребарување на предметите според професијата на странките. Постојните бази на податоци не овозможуваат издвојување на случаи во кои се вклучени новинари или медиуми, што го отежнува систематското следење на постапките и често се наведува како причина за отсуство на посебен регистар за повреди на правата на медиумските работници. Поради ваквите ограничувања, ЗНМ и натаму ги обезбедува потребните информации за судските предмети главно преку директна комуникација со претставници на правосудните институции.

И покрај најавените позитивни чекори од страна на МВР, постојната состојба укажува дека е неопходно понатамошно унапредување на статистичките системи и во извршната и во судската власт, со цел да се обезбеди ефикасна заштита на новинарите и медиумските работници и да се намали ризикот од неказнивост за нападите врз нив.

## — В.11 ЗАКАНИ И МАЛТРЕТИРАЊЕ ШТО НЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ФИЗИЧКАТА БЕЗБЕДНОСТ

Во текот на 2025 година, поранешниот уредник на национална телевизија, Драган Павловиќ Латас, близок на актуелната владејчка партија ВМРО-ДПМНЕ, на

82 МВР објави регистар на напади врз новинари, 360 степени, 02.10.2025.

социјалната мрежа Фејсбук таргетираше новинари од неколку медиуми, злоупотребувајќи приватни фотографии од нивните профили и користејќи ги во своите објави[83]. Во неговите објави, тој пласираше неосновани обвинувања и теории на заговор, чија цел е дискредитација на новинарите и медиумите што професионално информираат за релевантни општествени прашања. Оваа практика на таргетирање и јавно стигматизирање на новинари, вклучително и новинари кои добиле признанија на национално и меѓународно ниво за својата работа, претставува сериозен напад врз слободата на изразување и независното новинарство.

Управниот одбор на ЗНМ, постапувајќи по предлог на Советот на честа при ЗНМ, во октомври 2025 година донесе одлука за исклучување на Зоран Божиновски од членството во ЗНМ поради прекршувања на повеќе членови од Етичкиот кодекс на новинарите. Одлуката е донесена поради тешки и повторливи повреди на Етичкиот кодекс направени со серија објави што поттикнуваат родово-засновано вознемирување кон новинарки и ги нарушуваат нивната приватност и углед. Освен ова, овие објави поттикнаа малициозни коментари со кои се охрабруваат други лица да шират говор на омраза и закани, а на тој начин се создава непријателска средина и се зголемува ризикот по безбедноста на новинарките.

| Категорија | Број | Кус опис на случаите |
|---|---|---|
| **Закани и малтретирања што не се однесуваат на физичката безбедност на новинарите**<br>Оваа категорија закани и малтретирања вклучува:<br>– надзор или следење;<br>– вознемирувачки телефонски повици;<br>– произволно судско или административно вознемирување;<br>– агресивни изјави од јавни службеници;<br>– други форми на притисок што можат да ја загрозат безбедноста на новинарите при извршувањето на нивната работа.<br>Овие видови закани не вклучуваат мобинг и насилство во работната средина. | 2 | – Вознемирувачки или дискриминаторски изјави, закани по животите и физичката безбедност на новинарите од страна на поранешен новинар и уредник на телевизија до колеги новинари.<br>– Зоран Божиновски преку серија објави поттикнуваше родово базирано вознемирување кон новинарки и го нарушуваше нивниот углед и правото на приватност. |

## — В.12 ЗАКАНИ ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ФИЗИЧКАТА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИТЕ

Во 2025 година ЗНМ нема регистрирано ваков тип закани по животот на новинарите.

83 ЗНМ и ССНМ: Осуда за малициозното таргетирање на новинари и медиуми од Драган Павловиќ Латас, 26.02.2025 година.

| Категорија | Број | Кус опис на случаите |
|---|---|---|
| **Закани по животот и физичката безбедност на новинарите**<br>Овој тип закани вклучуваат:<br>– закани за убиство на новинари, пријатели на новинари, членови на нивното семејство или извори на информации;<br>– закани за физички повреди на новинари, пријатели на новинари, членови на нивното семејство или извори на информации.<br>Овие закани можат да бидат:<br>– директни или преку трети лица;<br>– испратени по електронски пат или директно лице в лице;<br>– имплицитни, но и експлицитни. | 0 | – Во 2025 година не е забележан ниту еден случај што спаѓа во оваа категорија. |

## — В.13 ВИСТИНСКИ НАПАДИ

На почетокот на годината, пријавен е инцидент во кој беше запалено возилото на новинарката Сузана Вренцовска, дописничка на онлајн порталот СДК. мк од Охрид. Возилото било запалено во дворот на семејната куќа, во гаражата каде што било паркирано.

Во текот на изминатата година, според официјалниот регистар на напади и закани на ЗНМ[84], регистрирано е грубо прекршување на правата на новинарот Авни Тахири и сниметелот Шенол Хајредини. Според информациите од новинарот и сниметелот тие биле физички нападнати за време на известувањето за големиот пожар на дивата депонија во Визбегово, од сопственикот на отпадот за кој се смета дека го предизвикал пожарот. Напаѓачот насилно му го одзел мобилниот телефон на новинарот Тахири и го фрлил во огнот, а сниметелот Шенол Хајредини бил исто така нападнат и му била скршена камерата. Случајот е пријавен во МВР, по што сторителот е уапсен.

Во декември 2025 во ЗНМ беше пријавен брутален напад во редакцијата на „Инфомакс" за време на емитување програма во живо, од страна на непознато лице, со што беше загрозена безбедноста на новинарите Александар Митовски и Милош Милошевски, како и на вработените во редакцијата. Според информациите од колегите, непознато лице пристигнало со такси пред редакцијата за време на емисијата. Напаѓачот започнал агресивно да удира и тропа по влезната врата, која била заклучена и обезбедена со шифра. По кратко време, успеал насилно да ја скрши и да влезе во дворот на редакцијата. Во моментот кога екипата направила пауза од емитувањето, новинарот Милошевски излегол да провери што се случува. Напаѓачот, продолжил да се движи кон другиот дел од објектот, каде што со сила искршил уште една врата обидувајќи се да стигне до студиото. Лицето упатувало навреди и закани по живот, а насилното упаѓање во редакцијата довело и до насилно прекинување на емитувањето на програмата, со што

84 Регистар на напади и закани на ЗНМ.

директно било спречено новинарите да ја вршат својата професионална должност и слободно да информираат.

| Категорија | Број | Кус опис на случаите |
|---|---|---|
| **Реални напади врз новинари** Видовите реални напади врз новинари може да вклучуваат сторена физичка или ментална повреда, киднапирање, влегување во домот или канцеларијата, запленета опрема, произволен притвор, неуспешен обид за атентат и сл. | 3 | – Во јануари 2025 година беше запалено возилото на новинарка од Охрид, Сузана Вренцовска во дворот на семејната куќа.<br>– Во јули 2025 Физички напад врз новинарската екипа на телевизијата АЛСАТ М, која известуваше за голем пожар во Скопје.<br>– Во декември 2025 Насилното упаѓање во редакцијата на Инфомакс кое довело и до насилно прекинување на емитувањето на програмата, со што директно било спречено новинарите да ја вршат својата професионална должност и слободно да информираат. |

## — В.14 ЗАКАНИ И НАПАДИ ВРЗ МЕДИУМИ И НОВИНАРСКИ ЗДРУЖЕНИЈА

ЗНМ, во 2025 година не регистрираше напади од ваков тип. Споредбено со минатите години во оваа димензија, за овој индикатор, ситуацијата останува непроменета.

| Категорија | Број | Кус опис на случаите |
|---|---|---|
| **Закани и напади врз медиуми и новинарски организации** Вистински напади врз имотот на медиумите и организациите, нивниот персонал, конфискувана опрема, агресивни изјави на јавни службеници итн. Исто така, заканите и нападите може да вклучуваат некои од горенаведените категории. | 0 | – Во 2025 година не е забележан ниту еден случај што спаѓа во оваа категорија. |

# III Заклучоци и препораки

## ЗАКЛУЧОЦИ

### ПРАВНИ ГАРАНЦИИ И НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ

Во 2025 година, законската рамка за медиуми и безбедност на новинарите формално бележи одредени подобрувања, но практичната примена останува недоследна и селективна. Измените во кривичното законодавство и граѓанската одговорност за навреда и клевета од претходните години создадоа посилни правни гаранции, но судската пракса сѐ уште не обезбедува доволно брза и ефективна заштита на новинарите.

Во април 2025 година, беше воспоставен регистар на онлајн медиуми во рамки на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што за првпат интернет-порталите беа дефинирани како медиуми со јасни права и обврски. Овој чекор придонесува кон поголема транспарентност и професионализација, но истовремено останува отворено прашањето за заобиколувањето на регистарот при платеното политичко рекламирање, што создава простор за злоупотреби и нетранспарентно финансирање на медиумската сфера.

И покрај континуираните препораки од европските институции, државата сѐ уште нема воспоставено системски механизми за поддршка на медиумскиот плурализам и новинарството од јавен интерес. Повторното воведување на државно финансирани кампањи во приватните медиуми го засилува ризикот од политичко влијание врз уредувачката политика, како и економската зависност на редакциите. Потребата од нов, сеопфатен Закон за медиуми со силен фокус на заштита на новинарите и медиумските работници во редакциите останува приоритет.

Дополнително, отсуството на ефективни анти СЛАПП механизми ја зголемува ранливоста на новинарите од стратешки тужби со цел замолчување на критичкото известување. Иако постојат меѓународни стандарди и препораки, нивната примена во националното законодавство сè уште не е целосно спроведена.

## ПОЛОЖБА НА НОВИНАРИТЕ ВО РЕДАКЦИИТЕ

Во 2025 година, социо-економската положба на новинарите и медиумските работници останува сериозно загрижувачка. Најголем дел од новинарите примаат плати под државниот просек, а состојбата е уште понеповолна за медиумските работници во приватните медиуми и локалните редакции. Иако состојбата во јавниот сервис е релативно подобра, недостигот од кадар, особено млади професионалци и стручен персонал, ја поткопува долгорочната одржливост на системот.

Комерцијалните притисоци и политичкото влијание и натаму ја ограничуваат уредувачката автономија во дел од медиумите, што резултира со автоцензура и ограничување на просторот за истражувачко новинарство. Недоволната заштита на работничките права, непостојаните договори и несигурните работни услови директно влијаат врз квалитетот на новинарската работа и ја зголемуваат ранливоста на новинарите на надворешни притисоци.

## БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИТЕ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

Во 2025 година се забележува релативно намалување на физичките напади врз новинарите, но онлајн-заканите, говорот на омраза и јавното етикетирање на новинари од страна на политички актери и носители на јавни функции остануваат сериозен проблем. Социјалните мрежи продолжуваат да бидат главен канал за заплашување и дискредитација, особено на новинарите кои известуваат за корупција, злоупотреби и прашања од јавен интерес.

Иако е зајакната соработката со Министерство за внатрешни работи и Основното јавно обвинителство преку воспоставување контакт-точки за случаи поврзани со напади врз новинари, високото ниво на неказнивост останува клучен проблем. Истражните постапки се бавни, а судските разрешници ретки, што ја поттикнува културата на неказнивост и ги охрабрува потенцијалните сторители.

Дополнително, бројот на СЛАПП тужби бележи пораст во последните години, што создава „ефект на ладење" врз критичкото и истражувачко новинарство.

## ПРЕПОРАКИ

### А: ПРАВНИ ГАРАНЦИИ И НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ

- Итно донесување нов Закон за медиуми со јасен фокус на заштита на новинарите и медиумските работници во редакциите.
- Воспоставување Фонд за плуралистичко и новинарство од јавен интерес, со јасни, транспарентни критериуми за распределба на средства, независно управување и јавна отчетност.
- Укинување на платеното политичко рекламирање и државно финансираните кампањи во приватните медиуми и пренасочување на средствата кон Фондот за плурализам.
- Усвојување анти СЛАПП механизми во националното законодавство, во согласност со европските стандарди, за рано отфрлање на злоупотребувачки тужби против новинари преку формирање на повеќе секторска работна група во рамки на Владата на РСМ
- Донесување нов Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер со рокови и санкции што ќе обезбедат навремени и целосни одговори од институциите.
- Подобрување на авторското право со експлицитна заштита на новинарските содржини како интелектуална сопственост.

### Б: ПОЛОЖБА НА НОВИНАРИТЕ ВО РЕДАКЦИИТЕ

- Интензивирање на напорите за склучување колективни договори во приватните медиуми.
- Обезбедување фер плати, достоинствени работни услови и јасни договори за вработување за новинарите и медиумските работници, особено на локално ниво.
- Развој на програми за доквалификација и преквалификација, со цел јакнење на професионалните капацитети и конкурентноста на новинарите.
- Континуирани обуки за работнички права и уредувачка независност во редакциите.
- Поддршка за привлекување и задржување млади новинари преку стипендии, практикантски програми и менторство.

**В: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ**

- Воспоставување посебни регистри за случаи на напади и СЛАПП тужби против новинари во судовите и обвинителствата.
- Забрзување и приоритетно постапување по сите случаи на закани и напади врз новинари.
- Континуирани обуки за судии, обвинители, полиција и адвокати за примена на европските стандарди за слобода на изразување и заштита на новинарите.
- Унапредување на институционалните протоколи за превенција и брза реакција при напади врз новинари.
- Продлабочување на соработката на ЗНМ со Народниот правобранител и релевантните институции за системска заштита на новинарските права.
- Формирање на Националниот комитет за заштита на новинар(к)и

# IV Индекс на безбедноста на новинарите во Северна Македонија – 2025

Овој дел од извештајот графички го прикажува Индексот на безбедност на новинарите во 2025 година, во споредба со претходната 2024 година. За секоја од четирите димензии и за сите 19 индикатори, дадено е кратко објаснување за клучните промени што се случија во 2025 година.

Пошироко објаснување на податоците и промените што настанале за секој поединечен индикатор на Индексот може да се прочита во наративниот дел од извештајот:

| Индикатори на Индексот за безбедност на новинарите | Наративен извештај |
|---|---|
| **I. Правно и организациско опкружување** | |
| Законските одредби поврзани со клеветата и нивната примена не создаваат застрашувачки ефекти врз новинарите и медиумите | A.6 |
| Доверливоста на изворите на новинарите е загарантирана во законодавството и почитувана од властите | A.8 |
| Другите закони се спроведуваат објективно и им овозможуваат на новинарите и на другите медиумски актери да работат слободно и безбедно | A.7 |
| Новинарите се слободни да ја извршуваат својата професија и да основаат, да се здружуваат и да учествуваат во своите здруженија | A.9 |
| Работната позиција на новинарите е стабилна и заштитена на работното место | Б.1 |
| **II. Превенција** | |
| Новинарите и медиумските актери имаат пристап до непосредни и ефективни заштитни мерки кога се изложени на закани | В.1 |
| Новинарите и другите медиумски актери (чии животи или физички интегритет се во реален и непосреден ризик) имаат пристап до специјални механизми за заштита/безбедност | В.2 |
| Новинарките имаат пристап до законски мерки и механизми за поддршка кога се соочуваат со родово засновани закани, малтретирање и насилство | В.3 |
| Воспоставена е практика на редовна јавна осуда на заканите и нападите врз новинари и медиуми | В.4 |
| Полициските власти се сензитивни на прашањето за заштита на новинарите | В.5 |
| **III. Процес** | |
| Специјализираните истражни единици и/или службеници имаат соодветна експертиза за истражување напади и насилство врз новинари | В.6 |
| Истрагите за сериозни физички напади врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат ефикасно (независно, темелно и навремено) | В.7 |
| Новинарите и другите медиумски актери се ефикасно заштитени од различни форми на малтретирање преку интернет | В.8 |
| Истрагите за сите видови напади и насилство врз новинари и други медиумски актери се спроведуваат транспарентно | В.9 |
| Системите за собирање квалитетни статистички податоци се воспоставени од државните органи за да се спречи неказнивоста | В.10 |
| **IV. Вистинска безбедност** | |
| Закани и малтретирање што не се однесуваат на физичката безбедност | В.11 |
| Закани против животот и физичката безбедност на новинарите | В.12 |
| Вистински напади | В.13 |
| Закани и напади врз медиуми и новинарски здруженија | В.14 |




| | 2024 | 2025 | | Главни нови промени во секоја димензија |
|---|---|---|---|---|
| Правно и организациско опкружување | 4.21 | 4.13 | ↓ | Се забележува извесно назадување во правното и организациското опкружување, кое главно се должи на притисокот што новинарите го чувствуваат од поднеснеите нови тужби за клевета и навреда (вкупно 15 во 2025 година), на се уште присутните отпори и суптилни притисоци кон синдикалното организирање, како и на исклучително лошиот социо-економски статус на новинарите кои работат во приватните медиуми, особено во онлајн медиумите на локално ниво. |
| Превенција | 3.84 | 3.78 | ↓ | Во 2025 година беше забележано мало назадување во обезбедувањето побрз и поефикасен институционален одговор во случаите на закани и напади врз новинари. Имаше пораст на онлајн вознемирувања, сексистички напади и дискриминаторски изјави кон новинарки. Беа регистрирани повеќе примери на негативна реторика, јавни навреди и дискредитација на новинари и медиуми од страна на политичари, политички партии и носители на јавни функции |
| Процес | 3.34 | 3.38 | ↑ | Во 2025 година имаше добра координација меѓу надлежните институции, што резултираше со подобрена ефикасност во откривањето и санкционирањето на сериозните напади врз новинари. Од два случаи физички напади во 2025 година, двата завршија со осудителни судски пресуди. Подобрена е соработката со МВР во поглед на статистичкото следење на нападите врз новинари и медиумски работници. |
| Вистинска безбедност | 3.96 | 4.05 | ↑ | Бројот на физички напади и закани кон новинари е зголемен споредбено со минатата година. Сепак, степенот на неказнивост за ваквиот тип напади сè уште е висок, поради тоа што значаен број случаи од минатите години сè уште не се истражени и завршени. Загрижува трендот на зголемување на онлајн-заканите и нападите кон новинарки во земјава. |
| **Индекс на безбедност на новинарите** | **3.85** | **3.89** | **↑** | |

# Правно и организациско опкружување




1.00 Ниту во законот, ниту во праксата, нема никаква заштита на работната позиција на новинарите, нивните извори и нивните организации, со што се создава екстремен „ефект на заплашување“

2.00

3.00 ↑

4.00 ↓

5.00

6.00

7.00 И во законот и во праксата постои највисок степен на заштита на работната позиција на новинарите, нивните извори и нивните организации.

ИНДИКАТОР 1.1

## — ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ ПОВРЗАНИ СО КЛЕВЕТАТА И НИВНАТА ПРИМЕНА НЕ СОЗДАВААТ ЗАСТРАШУВАЧКИ ЕФЕКТИ ВРЗ НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМИТЕ

**Резултат за 2024: 4.40 / Резултат за 2025: 4.03**

Во 2025 година се забележува мало влошување на состојбата поради тоа што бројот на нови поднесени тужби за клевета и навреда против новинари и/или медиуми се зголеми за еден случај: во 2025 се поднесени 16, а во 2024 година 15 тужби. Генерално, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета не создава ефект на застрашување врз новинарите откако во ноември 2022 година беа намалени износите за нематеријална штета што може да ги определи судот. Законот ја гарантира слободата на изразување, а ограничувањата се во согласност со членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и практиката на Европскиот суд за човекови права. Според податоците од Основниот граѓански суд Скопје, до крајот на 2025 година бројот на активни случаи изнесуваше 40.

ИНДИКАТОР 1.2

## — ДОВЕРЛИВОСТА НА ИЗВОРИТЕ НА НОВИНАРИТЕ Е ЗАГАРАНТИРАНА ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО И ПОЧИТУВАНА ОД ВЛАСТИТЕ

**Резултат за 2024: 4.89 / Резултат за 2025: 4.89**

Во текот на 2025 година ЗНМ не забележа немаше ниту еден случај на притисок врз новинар да го открие својот доверлив извор, а новинарите што работат на истражувачки стории се чувствуваа слободни во контактирањето со изворите. Заштитата на новинарските извори е загарантирана во Уставот на РС и детално уредена во неколку закони. Новинарските извори се охрабрени и добро заштитени со Законот за заштита на укажувачите, но поради притисоци и страв за работното место, бројот на поединци што пријавуваат случаи на корупција до надлежните органи и до новинарите сè уште е мал.

ИНДИКАТОР 1.3

## — ДРУГИТЕ ЗАКОНИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ОБЈЕКТИВНО И ИМ ОВОЗМОЖУВААТ НА НОВИНАРИТЕ И НА ДРУГИТЕ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ ДА РАБОТАТ СЛОБОДНО И БЕЗБЕДНО

**Резултат за 2024: 4.08 / Резултат за 2025: 4.13**

Споредбено со 2024, во 2025 година не беше забележан зголемен притисок врз истражувачките новинари од страна на бизнис или политички моќници, а немаше ниту случаи на арбитрарна или дискриминаторна примена на други закони со цел да се ограничи слободата на новинарската работа. Регистриран е само еден нов

случај на SLAPP тужба кон истражувачки медиум. Кон подобрувањето на состојбата придонесува и тоа што во 2025 година, на иницијатива на ЗНМ, Владата најави формирање на работна група за воспоставување механизам за заштита од употребата на стратешки тужби против јавното учество (SLAPP).

ИНДИКАТОР 1.4

## — НОВИНАРИТЕ СЕ СЛОБОДНИ ДА ЈА ИЗВРШУВААТ СВОЈАТА ПРОФЕСИЈА И ДА ОСНОВААТ, ДА СЕ ЗДРУЖУВААТ И ДА УЧЕСТВУВААТ ВО СВОИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА

**Резултат за 2024: 4.38 / Резултат за 2025: 4.31**

Новинарските здруженија (ЗНМ, СЕММ и ССНМ) не се соочуваа со политички притисоци и напади во 2025 година, иако управувачките структури на одделни поголеми медиуми вршат суптилни притисоци врз новинарите и медиумските работници со кои го попречуваат синдикалното организирање. Саморегулаторното тело е се уште кревко во поглед на капацитетите и поддршката, што оневозможува развојни и истражувачки активности и јакнење на организацијата. ССНМ исто така се соочува со недостиг на ресурси и проблеми со одржливоста, а неговите членови се соочуваат и со притисоци од страна на два паралелни синдикати, во јавниот сервис и во државната новинска агенција.

ИНДИКАТОР 1.5

## — РАБОТНАТА ПОЗИЦИЈА НА НОВИНАРИТЕ Е СТАБИЛНА И ЗАШТИТЕНА НА РАБОТНОТО МЕСТО

**Резултат за 2024: 3.29 / Резултат за 2025: 3.29**

Нема подобрување во поглед на работниот статус и заштитата на работничките права на новинарите и медиумските работници. Иако во јавниот сервис и во некои поглеми приватни медиуми новинарите и медиумските работници имаат потпишани договори работа и формално стабилен работен статус, прекаријатот се уште доминира во новинарската професија: не се почитува законски утврдениот број работни часови и нема утврдено работно време, така што прекумерното работно оптоварување се претвора во директен извор на хроничен стрес; најголем број вработени новинари во целиот сектор имаат плати под нивото на просечната плата во државата; голем број новинари во онлајн секторот и во локалните медиуми имаат несигурен работен статус и исклучително мали примања; новинарите – дописници од помалите места се најчесто ангажирани со хонорарни договори.

II

# Превенција




1.00 Не постојат институционални механизми за непосредна заштита на новинарите во случаи на закани и напади. Функционери поттикнуваат напади врз новинари, а полицијата се однесува крајно грубо кон новинарите.

2.00

3.00

4.00 ↑↓

5.00

6.00

7.00 Воспоставени се сите институционални механизми за непосредна заштита на новинарите во случај на напад, функционерите јасно и систематски ги обесхрабруваат нападите врз новинарите, а полицијата ги третира новинарите со почит.

ИНДИКАТОР 2.1

## — НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ АКТЕРИ ИМААТ ПРИСТАП ДО НЕПОСРЕДНИ И ЕФЕКТИВНИ ЗАШТИТНИ МЕРКИ КОГА СЕ ИЗЛОЖЕНИ НА ЗАКАНИ

**Резултат за 2024: 3.81 / Резултат за 2025: 3.81**

Состојбата во поглед на овој индикатор не е променета. При МВР нема посебен механизам за пријавување и брзо и ефикасно постапување по нападите и заканите врз новинари, но позитивно е што при Основното јавно обвинителство во 2024 година беше назначен надлежен обвинител со кој новинарите можат директно да комуницираат во случај на физички напад, закана или сериозно вознемирување, вклучително и преку социјалните мрежи. Директната комуникациска линија со обвинителството е значаен исчекор во институционалната заштита на новинарите, но ЗНМ смета дека реакцијата треба да е побрза и поефикасна во сите пријавени случаи.

ИНДИКАТОР 2.2

## — НОВИНАРИТЕ И ДРУГИТЕ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ (ЧИИ ЖИВОТИ ИЛИ ФИЗИЧКИ ИНТЕГРИТЕТ СЕ ВО РЕАЛЕН И НЕПОСРЕДЕН РИЗИК) ИМААТ ПРИСТАП ДО СПЕЦИЈАЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА/ БЕЗБЕДНОСТ

**Резултат за 2024: 3.75 / Резултат за 2025: 3.75**

Нема промена во оценката за овој индикатор во 2025 година. Постојната законска рамка овозможува примена на посебни мерки за заштита на сите граѓани чија физичка безбедност е во реален ризик, вклучително и новинари. Сепак, практичната примена на овие мерки е ограничена бидејќи може да се примени само доколку сторителот е идентификуван и доколку постапката е веќе во тек. Во текот на 2025 година не беа регистрирани случаи во кои новинари имале реална потреба или формално побарале мерки на посебна физичка заштита.

ИНДИКАТОР 2.3

## — НОВИНАРКИТЕ ИМААТ ПРИСТАП ДО ЗАКОНСКИ МЕРКИ И МЕХАНИЗМИ ЗА ПОДДРШКА, КОГА СЕ СООЧУВААТ СО РОДОВО ЗАСНОВАНИ ЗАКАНИ, МАЛТРЕТИРАЊЕ И НАСИЛСТВО

**Резултат за 2024: 3.58 / Резултат за 2025: 3.50**

Во 2025 година има извесно влошување кај овој индикатор, поради порастот на онлајн вознемирувања, сексистички напади и дискриминаторски изјави кон новинарки. Законската рамка предвидува механизми за заштита и поддршка на новинарките во случаи на родово-засновани закани и онлајн напади, но нивната практична примена е недоволно ефикасна. Иако институциите воспоставиле интегриран систем за собирање

податоци за ваквите напади, тој не ги категоризира инцидентите според професијата на жртвата, поради што не постојат официјални податоци за бројот на новинарки меѓу жртвите кои се предмет на напади.

ИНДИКАТОР 2.4

## — ВОСПОСТАВЕНА Е ПРАКТИКА НА РЕДОВНА ЈАВНА ОСУДА НА ЗАКАНИТЕ И НАПАДИТЕ ВРЗ НОВИНАРИ И МЕДИУМИ

**Резултат за 2024: 3.33 / Резултат за 2025: 3.11**

Во 2025 година се забележува влошување во односот на претставниците на власта кон новинарите и медиумските професионалци. Иако повремено имаше реакции на владини функционери со осуда на заканите или насилството врз новинарите, сепак беа регистрирани повеќе примери на негативна реторика, јавни навреди и дискредитација на новинари и медиуми од страна на политичари, политички партии и носители на јавни функции (пратеник на владејачка партија на две прес-конференции изнесе дисквалификации за новинарот Ордановски; директор на државна агенција преку социјалните мрежи ја нападна редакцијата на порталот Рацин; координирана онлајн кампања за дискредитација на уредникот на Инфомакс, и др.).

ИНДИКАТОР 2.5

## — ПОЛИЦИСКИТЕ ВЛАСТИ СЕ СЕНЗИТИВНИ ВО ПОГЛЕД НА ЗАШТИТАТА НА НОВИНАРИТЕ

**Резултат за 2024: 4.75 / Резултат за 2025: 4.75**

Нема промени во поглед на однесувањето на полициските власти кон прашањето на заштитата на новинарите. Во текот на 2025 година не беа забележани случаи на грубо однесување на полицијата кон новинари или медиумски работници. За МВР, безбедноста на новинарите е приоритетно прашање, воспоставена е добра соработка и координација со ЗНМ заради навремено и соодветно постапување кога има случаи на закани, напади или вознемирување на новинари и новинарки. Во 2025 година фокусот на заедничките активности беше на онлајн вознемирувањето и заштитата на новинарките. Во рамки на Секторот за компјутерски криминал при МВР беше назначено лице за контак, што овозможува подобра и побрза координација со ЗНМ во решавањето на овие случаи.

III

# Процес




1.00 Институциите не ги истражуваат и не ги санкционираат нападите врз новинари, вклучително и онлајн-малтретирањето, заканите по животот и физичката безбедност на новинарите и физичките напади врз новинари и медиуми.

2.00

3.00 ↑

4.00 ↓

5.00

6.00

7.00 Институциите се целосно ефикасни и транспарентни во истрагите и санкционирањето на нападите врз новинари, вклучително и онлајн-малтретирањето, заканите против животната и физичката безбедност на новинарите и физичките напади врз новинари и медиуми.

ИНДИКАТОР 3.1

## — СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИТЕ ИСТРАЖНИ ЕДИНИЦИ И/ИЛИ СЛУЖБЕНИЦИ ИМААТ СООДВЕТНА ЕКСПЕРТИЗА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НАПАДИ И НАСИЛСТВО ВРЗ НОВИНАРИ

**Резултат за 2024: 3.42/ Резултат за 2025: 3.42**

Состојбата не е променета во поглед на ова прашање. Службениците надлежни за овие прашања при МВР формално располагаат со одредено ниво на знаење и стручност за истраги на нападите врз новинари. Во текот на 2025 година беа дополнително активирани полициските протоколи за итно постапување и беше засилена координацијата со постојните контакт-точки во МВР и обвинителството. Сепак, сето ова сè уште не резултира со доволно ефикасно процесирање на случаите, особено на онлајн заканите и дигиталното насилство.

ИНДИКАТОР 3.2

## — ИСТРАГИТЕ ЗА СЕРИОЗНИ ФИЗИЧКИ НАПАДИ ВРЗ НОВИНАРИ И ДРУГИ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ЕФИКАСНО (НЕЗАВИСНО, ТЕМЕЛНО И НАВРЕМЕНО)

**Резултат за 2024: 3.48 / Резултат за 2025: 3.52**

Во поглед на ефикасноста на откривањето на сторителите на нападите врз новинари, состојбата се чини дека е малку подобрена во споредба со минатите години. Во 2025 година, ЗНМ во својот регистар евидентираше 3 сериозни физички напади врз новинари и медиумски работници. Сите случаи беа пријавени до Министерството за внатрешни работи, а дел и до Основното јавно обвинителство. За сите случаи постапката завршила брзо со изречени судски пресуди. Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) смета дека неказнивоста е се уште проблем, поради тоа што има значителен број нерешени случаи од минатите години.

ИНДИКАТОР 3.3

## — НОВИНАРИТЕ И ДРУГИТЕ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ СЕ ЕФИКАСНО ЗАШТИТЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ ФОРМИ НА МАЛТРЕТИРАЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ

**Резултат за 2024: 3.37 / Резултат за 2025: 3.37**

И покрај законските измени од 2023 година кои ја зајакнаа кривично-правната заштита, онлајн нападите и натаму претставуваат закана за новинарите. Во 2025 година ЗНМ регистрираше еден сериозен инцидент со вознемирување и говор на омраза кон новинарки на социјалните мрежи, како и серија негативни координирани кампањи насочени кон новинарите од истражувачки медиуми. Во минатите години институциите презеле дејствија за дел од сериозните напади, но генерална оценка е дека одговорот е бавен и недоволно координиран, што влијае новинарите да не се врз чувствуваат доволно безбедни.

ИНДИКАТОР 3.4

## — ИСТРАГИТЕ ЗА СИТЕ ВИДОВИ НАПАДИ И НАСИЛСТВО ВРЗ НОВИНАРИ И ДРУГИ МЕДИУМСКИ АКТЕРИ СЕ СПРОВЕДУВААТ ТРАНСПАРЕНТНО

**Резултат за 2024: 3.10 / Резултат за 2025: 3.10**

И покрај воспоставената соработка на ЗНМ со надлежните институции, состојбата во 2025 година не е променета и укажува на континуирана потреба од поголема транспарентност и поефикасно институционално постапување. Недоволното и нередовно информирање за текот на постапките создава перцепција за неказнивост и ја намалува довербата на новинарската заедница во системот за заштита. Основните граѓански и кривични судови во Скопје не обезбедуваат детални информации за предметите поврзани со нападите врз новинари, дури и кога новинарите доставуваат поединечни писмени барања.

ИНДИКАТОР 3.5

## — СИСТЕМИТЕ ЗА СОБИРАЊЕ КВАЛИТЕТНИ СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ СЕ ВОСПОСТАВЕНИ ОД ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧИ НЕКАЗНИВОСТА

**Резултат за 2024: 3.33 / Резултат за 2025: 3.47**

Во текот на 2025 година е забележан ограничен, но значаен исчекор во делот на статистичкото следење на нападите врз новинари и медиумски работници. МВР на својата официјална веб-страница објави посебен линк за следење на овие инциденти, кој води директно до официјалната страница на ЗНМ и до јавниот Регистар на напади што го води ЗНМ. Меѓутоа, во суштество состојбата останува непроменета. Судските институции сè уште не располагаат со функционални статистички системи што овозможуваат евидентирање и пребарување на предметите според професијата на странките.

# IV
# Вистинска безбедност




1.00 Има тешки случаи на закани и реални напади врз новинари и медиумски организации, вклучувајќи и убиства.
2.00
3.00
4.00 ↑
5.00 ↓
6.00
7.00 Нема случаи на реални напади, нема закани по животите и физичката безбедност на новинарите, ниту, пак, има други закани и малтретирање на новинарите и медиумите.

ИНДИКАТОР 4.1

## — ЗАКАНИ И МАЛТРЕТИРАЊЕ ШТО НЕ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ФИЗИЧКАТА БЕЗБЕДНОСТ

**Резултат за 2024: 3.55 / Резултат за 2025: 3.55**

Во текот на 2025 година, ЗНМ регистрираше два случаи на закани, навреди и дисквалификации кон групи ноивнари и медиуми: првиот случај се однесува на нападите што преку Фејсбук ги упати поранешниот уредник на една национална телевизија, Драган Павловиќ Латас, кон новинари од неколку медиуми, злоупотребувајќи приватни фотографии од нивните профили; вториот случај се однесува на серија објави на Зоран Божиновски со кои врз родова основа се напаѓа група новинарки и се нарушува нивната приватност и углед. Во 2024 година беше регистриран само еден инцидент од оваа категорија.

ИНДИКАТОР 4.2

## — ЗАКАНИ ПРОТИВ ЖИВОТОТ И ФИЗИЧКАТА БЕЗБЕДНОСТ НА НОВИНАРИТЕ

**Резултат за 2024: 3.53 / Резултат за 2025: 3.89**

Во 2025 година не е забележан ниту еден случај што спаѓа во оваа категорија, за разлика од 2024 година кога имало еден ваков случај.

ИНДИКАТОР 4.3

## — ВИСТИНСКИ НАПАДИ

**Резултат за 2024: 4.22 / Резултат за 2025: 4.22**

Во 2025 имаше забележано три случаи од ваков тип. За овие случаи, надлежните органи постапија релативно ефикасно и брзо завршија со судска осудителна пресуда за напаѓачите.

ИНДИКАТОР 4.4

## — ЗАКАНИ И НАПАДИ ВРЗ МЕДИУМИ И НОВИНАРСКИ ЗДРУЖЕНИЈА

**Резултат за 2024: 4.53 / Резултат за 2025: 4.53**

ЗНМ, во 2025 година не регистрираше напади од ваков тип. Споредбено со минатите години во оваа димензија, за овој индикатор, ситуацијата останува непроменета.

**Оригинален наслов**
Северна Македонија
Индикатори за степенот на
слободата на медиумите и Индекс на
безбедноста на новинарите 2025.

**Издавач**
Здружение на новинарите на
Македонија (ЗНМ) Скопје, 2026.

ЗДРУЖЕНИЕ
НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА

**Автори**
Милан Спировски
Верче Тодоровска-Костовска

**Рецензенти на извештајот**
Марина Тунева
Иван Брешковски

**Лектура**
Маја Катарова Апостолова

**Фотографија на насловната страница**
Андрија Вукелиќ

**Дизајн**
comma.rs

Оваа публикација е произведена со
финансиска поддршка на Европската
Унија. Нејзината содржина е единствена
одговорност на авторот и не ги одразува
нужно ставовите на Европската Унија.